# Службен весник на Република Македонија

**Број 215** **7 декември 2015, понеделник** **година LXXI**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**СОДРЖИНА**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 5919. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за финансиска дисциплина | **4** |
| 5920. | **Закон** за занаетчиство | **10** |
| 5921. | **Закон** за дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство | **35** |
| 5922. | **Закон** за дополнување на Закон за енергетика | **35** |
| 5923. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за договорен залог | **36** |
| 5924. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за продажба на земјоделското земјиште во државна сопственост | **36** |
| 5925. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за земјоделското земјиште | **39** |
| 5926. | **Закон** за изменување на Законот за пасиштата | **41** |
| 5927. | **Закон** за дополнување на Законот за одбрана | **41** |
| 5928. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за рамномерен регионален развој | **41** |
| 5929. | **Уредба** за изменување на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон | **47** |
| 5930. | **Уредба** за дополнување на Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој | **48** |
| 5931. | **Одлука** за престанок на користење на недвижна ствар на Министерството за одбрана | **48** |
| 5932. | **Одлука** за давање на трајно користење недвижни ствари на Агенцијата за вработување на Република Македонија | **48** |
| 5933. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово | **49** |
| 5934. | **Одлука** за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Македонски железници Транспорт АД - Скопје | **49** |

Стр.

5935. **Одлука** за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Македонија на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ - Скопје ..... **49**

5936. **Одлука** за престанок и за давање на времено користење на движна ствар на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат со содржината на незаконското следење на комуникациите..... **50**

5937. **Одлука** за престанок на важење на Одлуката за давање право на трајно користење градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје .. **50**

5938. **Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Ново Село за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура КО Ново Село 1, општина Желино ..... **50**

5939. **Одлука** за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Македонија ..... **55**

5940. **Одлука** за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштвото за производство, градежништво, трговија и услуги МИНКА-ЕНЕРГОТЕК ДОО Скопје ..... **55**

5941. **Одлука** за давање на трајно користење недвижни ствари на Министерството за финансии-Управата за имотно-правни работи ..... **55**

5942. **Одлука** за давање на трајно користење недвижни ствари на Министерството за финансии-Управата за имотно-правни работи ..... **56**

5943. **Одлука** за запишување на право на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во катастарот на недвижностите..... **56**

Стр.

5944. **Одлука** за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштвото за проектирање, градежништво, производство и услуги „ИТАЛИАН МАЦЕДОНИАН ПОВЕР ГЕНЕРАТИОН“ ДОО Скопје ..... **57**

5945. **Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на индустриска зона КО Ржаничино Општина Петровец ..... **58**

5946. **Одлука** за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка за 2015 година и на Финансиските извештаи за 2015 година и ревидирање на Консолидираната годишна сметка за 2015 година и Консолидираните финансиски извештаи за 2015 година на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост -Скопје со Акционерското друштво Градски трговски центар-Скопје за 2015 година..... **58**

5947. **Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Град Скопје..... **59**

5948. **Одлука** за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности ..... **59**

5949. **Одлука** за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности ..... **59**

5950. **Одлука** за давање на трајно користење недвижни ствари на Министерство за труд и социјална политика ..... **59**

5951. **Одлука** за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Националниот сојуз на слепите на Република Македонија ..... **59**

5952. **Одлука** за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Национална универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски” - Скопје ..... **65**

5953. **Одлука** за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Државното училиште за деца и младинци со оштетен вид „Димитар Влахов”- Скопје..... **70**

5954. **Одлука** за давање на дивечот во ловиштето бр.5 „Бања“ на користење- концесија..... **75**

Стр.

5955. **Одлука** за давање на дивечот во ловиштето бр.6 „Подлог“ на користење- концесија ..... **75**
5956. **Одлука** за давање на дивечот во ловиштето бр.2 „Елово“ на користење- концесија ..... **76**
5957. **Одлука** за давање на дивечот во ловиштето бр.12 „Зелениково“ на користење- концесија..... **76**
5958. **Одлука** за давање на дивечот во ловиштето бр.13 „Батинци“ на користење- концесија ..... **76**
5959. **Одлука** за давање на дивечот во ловиштето бр.14 „Говрлево“ на користење - концесија ..... **77**
5960. **Одлука** за давање на дивечот во ловиштето бр.1 „Стогово“ на користење- концесија ..... **77**
5961. **Одлука** за давање на дивечот во ловиштето бр.2 „Дешат“ на користење- концесија ..... **78**
5962. **Одлука** за давање на дивечот во ловиштето бр.3 „Бомово“ на користење- концесија ..... **78**
5963. **Одлука** за давање на дивечот во ловиштето бр.4 „Баниште“ на користење- концесија ..... **79**
5964. **Одлука** за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на бодот за пресметување на платите на вработените во Акционерско друштво Водостопанство на Република Македонија во државна сопственост - Скопје..... **79**
5965. **Одлука** за определување на бројот на кандидатите кои се запишуваат на школување на втор циклус на студии на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ во Скопје во студиската учебна година 2015/2016 година..... **79**
5966. **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење движни ствари на Националната установа Музеј на македонската борба за државност и самостојност Музеј на внатрешната македонска револуционерна организација и Музеј на жртвите на комунистичкиот режим - Скопје ..... **80**
5967. **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Музеј на македонската борба за државност и самостојност Музеј на внатрешната македонска револуционерна организација и Музеј на жртвите на комунистичкиот режим - Скопје ..... **82**

Стр.

5968. **Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на стопанска зона со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија, Г3-сервиси и Г4-стоваришта и магацини КО Желино-вон г.р., Општина Желино ..... **85**
5969. **Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Требош за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г2-лесна и незагадувачка индустрија, Д-зеленило и рекреација и Е-инфраструктура КО Требош и КО Требош вон град Општина Желино ... **86**
5970. **Одлука** за давање согласност за склучување Договор за размена на земјоделско земјиште во сопственост на Република Македонија со земјоделско земјиште во приватна сопственост ..... **93**
5971. **Одлука** за давање на согласност за склучување на Договор за размена на земјоделско земјиште во сопственост на Република Македонија со земјоделско земјиште во приватна сопственост..... **93**
5972. **Годишна програма** за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко – планска документација и урбанистичко – проектни документации за 2015 година..... **93**
5973. **Програма** за изменување на Програмата за фитосанитарна политика во 2015 година..... **94**
5974. **Програма** за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2015 година ..... **95**
5975. **Решение** за обновување на дозвола за работење на брокер ..... **95**
5976. **Решение** за обновување на дозвола за работење на брокер ..... **95**
5977. **Решение** за обновување на дозвола за работење на брокер ..... **95**
5978. **Решение** за обновување на дозвола за работење на брокер ..... **96**
5979. **Решение** за обновување на дозвола за работење на брокер ..... **96**

**Меѓународни договори**

31. **Закон** за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово за поттикнување и взаемна заштита на инвестиции..... **2**

**Огласен дел**..... **1-36**

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**5919.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИСКА ДИСЦИПЛИНА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за финансиска дисциплина,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 1 декември 2015 година.

Бр. 08-5605/1
1 декември 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИСКА ДИСЦИПЛИНА**

Член 1

Во Законот за финансиска дисциплина („Службен весник на Република Македонија“ број 187/13 и 201/14), во членот 1 зборот „предвидените“ се заменува со зборот „утврдените“.

Член 2

Во членот 4 точка 1 по зборовите: „Деловна трансакција е“ се додаваат зборовите: „секој договор, како и секоја“.

Точката 6 се менува и гласи:

„Задоцнето плаќање“ е неисполнување на паричната обврска во роковите утврдени со овој закон, односно во рокот утврден во договорот чиј предмет е повеќегодишна јавна набавка;“.

Член 3

Во членот 5 став (1) зборот „предвиди“ се заменува со зборот „договори“.

Во ставот (2) точка 4) зборот „предвиден“ се заменува со зборот „договорен“.

Во ставот (3) зборот „предвиди“ се заменува со зборот „договори“.

Член 4

Во членот 6 став (1) зборот „договор“ се заменува со зборовите: „деловна трансакција“, а зборот „предвиди“ се заменува со зборот „договори“.

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, во случај кога Фондот за здравствено осигурување на Македонија и корисниците на средства од Фондот за здравствено осигурување на Македонија, јавните здравствени установи и Јавната установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи, универзитетските клиники, завод и ургентен центар се јавуваат како должници, не може да се утврди рок за исполнување на паричната обврска подолг од 90 дена.

Во ставот (2) кој станува став (3) зборовите: „ставот (1)“ се заменуваат со зборовите: „ставовите (1) и (2)“, а зборовите: „60 дена“ се заменуваат со зборовите: „60, односно 90 дена“.

Во ставот (3) кој станува став (4) зборовите: „ставовите (1) и (2)“ се заменуваат со зборовите: „ставовите (1), (2) и (3)“.

Ставот (4) станува став (5).

Ставовите (5) и (6) кои стануваат ставови (6) и (7) се менуваат и гласат:

„Субјектите од јавниот сектор чии сметки се во рамките на Трезорската сметка на Министерството за финансии, односно Трезорската сметка на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, се должни барањето за плаќање на достасаните фактури спрема економски оператор од приватниот сектор до Трезорот во Министерството за финансии, односно до Трезорот во Фондот за здравствено осигурување на Македонија, да го достават заклучно со триесеттиот ден, доколку сметките на субјектот се во рамките на трезорската сметка на Министерството за финансии, односно четириесет и петтиот ден, доколку сметките на субјектот се во рамките на трезорската сметка на Фондот за здравствено осигурување, од денот кога започнува да тече рокот согласно со членот 5 став (2) од овој закон.

Министерството за финансии, односно Фондот за здравствено осигурување на Македонија, во случаите од ставот (6) на овој член, се должни да ги исплатат средствата на кои гласи доставената фактура од ставот (6) на овој член, на сметката на економскиот оператор од приватниот сектор, во рок од 30, односно 45 дена од денот на поднесувањето на барањето за плаќање во трезорот.“

Член 5

По членот 6 се додава нов член 6-а, кој гласи:

„Член 6-а

Во договор меѓу економски оператори од приватниот сектор, односно меѓу економски оператор од приватниот сектор и субјект од јавниот сектор, во случај кога субјектот од јавниот сектор се јавува како должник, кога е утврдено паричната обврска да се исполни на рати, како рокови за исполнување на паричните обврски за секоја одделна рата во случај кога како доверител и должник се јавуваат економските оператори од приватниот сектор, се применуваат роковите од членот 5 ставови (1) и (3) од овој закон, односно во случај кога субјектот од јавниот сектор се јавува како должник, а доверител во деловната трансакција е економски оператор од приватниот сектор, се применуваат роковите од членот 6 ставови (1), (2) и (3) од овој закон.”

Член 6

Во членот 7 точка 4) зборот „предвиден“ се заменува со зборот „договорен“.

Член 7

Во членот 8 став (1) зборовите: „5, 6, 7 и 18“ се заменуваат со зборовите: „5, 6, 6-а, 7 и 18“.

Член 8

Членот 9 се брише.

Член 9

Во членот 11 став (2) се менува и гласи:

„Надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон од страна на економските оператори од приватниот сектор, врши Министерството за финансии – Управа за јавни приходи.“

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Доколку со овој закон поинаку не е уредено, на постапката за надзор се применуваат одредбите од Законот за општа управна постапка.“

Член 10

Членот 12 се менува и гласи:

„(1) Финансиската инспекција во јавниот сектор, односно Управата за јавни приходи го спроведуваат надзорот од членот 11 од овој закон:

- по добиено известување од суд дека е донесена правосилна пресуда,
- по добиено известување од нотар дека е донесено правосилно и извршно решение со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа, донесени во постапка за присилна наплата на парична обврска која произлегува од деловна трансакција и
- по добиено известување од извршител за примено барање за извршување врз основа на извршна нотарска исправа.

(2) Судот, нотарот, односно извршителот се должни да го достават известувањето од ставот (1) на овој член, во рок од 10 дена од донесувањето на пресудата, односно решението, односно од приемот на барањето за извршување.

(3) Известувањето од ставот (1) на овој член се поднесува во писмена форма или електронска форма, кога е тоа можно.

(4) Формата и содржината на известувањето од ставот (1) на овој член ја пропишува министерот за финансии.“

Член 11

Во членот 13 став (1) зборовите: „членовите 11 став (2) и 12“ се заменуваат со зборовите: „член 12 став (1)“.

Член 12

По членот 13 се додаваат два нови члена 13-а, 13-б, кои гласат:

„Член 13-а

(1) Доколку при вршењето на надзор, кој го спроведуваат органите од членот 11 од овој закон, се утврди дека е сторен прекршок по прв пат од страна на субјектот на надзорот, се составува записник во кој ќе се утврди сторениот прекршок и се донесува решение со укажување за отстранување на прекршокот во рок од осум дена и истовремено се врачува покана за едукација на одговорното лице на субјектот кај кого е утврден прекршокот.

(2) Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ја пропишува министерот за финансии.

(3) Едукацијата ја организира и спроведува Финансиската инспекција во јавниот сектор, односно Управата за јавни приходи, во рок не подолг од осум дена од денот на спроведување на надзорот.

(4) Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или истородни прекршоци за еден или за повеќе субјекти.

(5) Доколку во закажаниот термин одговорното лице на субјектот од ставот (1) на овој член над кој се спроведува едукација, не се јави на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

(6) Доколку одговорното лице на субјектот од ставот (1) на овој член над кој се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши, ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдениот прекршок.

(7) Доколку во рокот утврден во ставот (1) на овој член субјектот на надзорот достави доказ дека е отстранет утврдениот прекршок од ставот (1) од овој член, се донесува заклучок со кој се запира постапката на инспекциски надзор.

(8) Доколку во рокот утврден во ставот (1) на овој член субјектот на надзорот не достави доказ дека е отстранет утврдениот прекршок од ставот (1) на овој член, се предлага постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог.

(9) Финансиската инспекција во јавниот сектор, односно Управата за јавни приходи водат евиденција за спроведената едукација на начин и форма пропишана од министерот за финансии.

Член 13-б

Доколку Финансиската инспекција во јавниот сектор, односно Управата за јавни приходи при вршењето на надзорот од членот 13 од овој закон утврдат дека до денот на вршење на надзорот паричната обврска која произлегува од деловната трансакција која е предмет на контрола е исполнета, истото го констатира во записник и донесува заклучок за запирање на постапката на инспекциски надзор.“

Член 13

Членот 14 се менува и гласи:

„(1) За прекршоците утврдени со овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

(2) Барање за поведување на прекршочна постапка поднесуваат Финансиската инспекција во јавниот сектор, односно Управата за јавни приходи.

(3) По исклучок на ставот (2) на овој член, доколку контролираниот субјект не ја исполнил паричната обврска поради тоа што во моментот на доспевањето на обврската неговата сметка е блокирана подолго од 45 дена, не се поведува прекршочна постапка.“

Член 14

По членот 14 се додава нов член 14-а, кој гласи:

„Член 14-а

(1) За сторените прекршоци од овој закон, овластените лица од Финансиската инспекција од јавниот сектор, односно од Управата за јавни приходи се должни на сторителот на прекршокот да му предложат постапка за издавање на прекршочен платен налог, пред да го поднесат барањето за прекршочна постапка.

(2) Постапка за издавање на прекршочен платен налог е задолжителна.

(3) Доколку овластеното лице констатира прекршок, составува записник во кој ги забележува битните елементи на дејството од кое произлегува правното обележје на прекршокот, времето, местото и начинот на сторување на прекршокот, описот на дејството и дава предлог за порамнување со издавање на прекршочен платен налог. Записникот го потпишува овластеното лице и сторителот.

(4) Ако сторителот го признае делото што му се става на товар, овластеното лице веднаш ќе издаде прекршочен платен налог.

(5) Прекршочниот платен налог содржи лично име, адреса и единствен матичен број на граѓанинот, ако се работи за странец и број на патната исправа и држава, а за правно лице, назив, седиште и даночен број, местото и времето на сторување на прекршокот, правната квалификација на прекршокот, износот на глобата, број на сметката за плаќање и правна поука.

(6) По приемот и потпишувањето на прекршочниот платен налог сторителот е должен да ја плати глобата изречена согласно со ставот (5) на овој член во рок од осум дена од приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во платниот налог.

(7) Сторителот кој ќе ја плати глобата во рокот од ставот (6) на овој член ќе плати половина од изречената глоба, за кое право се поучува во правната поука.

(8) Во постапката која ќе заврши со плаќање на прекршочен платен налог не се плаќаат трошоци на постапката.

(9) Сторителот којшто со заминувањето заради престој во странство би можел да го одбегне плаќањето на глобата, е должен веднаш да ја плати глобата изречена со прекршочниот платен налог.

(10) Органот надлежен за покренување на прекршочна постапка во случајот од ставот (4) на овој член може привремено да ги одземе патната исправа или личната карта за странец и возачката исправа, додека не биде доставен доказ дека глобата е платена, но најдолго осум дена од денот на одземањето.

(11) Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од ставот (6) на овој член, овластеното лице поднесува барање за поведување на прекршочна постапка.

(12) Овластеното лице е должно да води евиденција за издадените прекршочни платни налози од ставот (4) на овој член и за исходот на покренатите постапки.

(13) Во евиденцијата од ставот (12) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следниве податоци име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

(14) Личните податоци од ставот (13) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

(15) Министерот за финансии ја пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог.

(16) По исклучок на ставот (2) на овој член, доколку контролираниот субјект не ја исполнил паричната обврска поради тоа што во моментот на доспевањето на обврската неговата сметка е блокирана подолго од 45 дена, не се поведува прекршочна постапка.“

Член 15

Членот 17 се менува и гласи:

„(1) Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на економски оператор од приватниот сектор – трговско друштво, трговец поединец и правно лице кое врши профитна дејност и е регистрирано согласно со закон, доколку не ја исполни паричната обврска во роковите утврдени во членовите 5 ставови (1) и (3), 6-а и 7 од овој закон.

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за трговското друштво и правното лице кое врши профитна дејност и е регистрирано согласно закон и за трговецот поединец ќе му се изрече за прекршоците од ставот (1) на овој член на одговорното лице во трговско друштво и правното лице кое врши профитна дејност и е регистрирано согласно со закон и на одговорното лице во трговецот поединец.

(3) Глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на физичко лице.”

Член 16

По членот 17 се додаваат четири нови члена 17-а, 17-б, 17-в и 17-г, кои гласат:

„Член 17-а

„(1) Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на субјект од јавниот сектор, доколку не ја исполни паричната обврска во роковите утврдени во членовите 6 ставови (1) и (2), 6-а и 7 од овој закон, односно во договорениот рок од членот 6 став (3) на овој закон.

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за субјектот од јавниот сектор ќе се изрече на одговорното лице на субјектот од јавниот сектор, доколку не се исполни паричната обврска во роковите утврдени во членовите 6 ставови (1) и (2) и 6-а од овој закон, односно во договорениот рок од членот 6 став (3), односно за субјектите кои се во рамките на трезорот на Министерството за финансии, односно трезорот на Фондот за здравствено осигурување, во случаите кога барањето за плаќање во трезорот на Министерството за финансии, односно во трезорот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија е доставено по истекот на роковите од членот 6 став (6) од овој закон.

(3) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за за субјектот од јавниот сектор ќе се изрече на одговорното лице на субјектот од јавниот сектор, доколку не се исполни паричната обврска во рокот утврден согласно со членот 7 од овој закон.

Член 17-б

Глоба во износ од 1.500 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на министерот за финансии, односно директорот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, доколку субјектите кои се во рамките на Трезорот на Министерството за финансии, односно Трезорот на Фондот за здравствено осигурување, го доставиле барањето за плаќање во трезорот на Министерството за финансии, односно во трезорот на Фондот за здравствено осигурување во роковите од членот 6 став (6) од овој закон, а Министерството за финансии, односно Фондот за здравствено осигурување нема да ги исплати паричните средства на кои гласи фактурата во роковите од членот 6 став (7) од овој закон.

Член 17-в

(1) Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за сторен прекршок на субјектот од јавен сектор и економски оператор од приватниот сектор-трговско друштво, трговец поединец и правно лице кое врши профитна дејност и е регистрирано согласно со закон, доколку облигационите договори од членот 16 став (2) од овој закон ги користи на начин што предизвикува одложување на исполнувањето на паричните обврски во роковите утврдени со овој закон.

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за субјектот од јавен сектор и економски оператор од приватниот сектор - трговско друштво, трговец поединец и правно лице кое врши профитна дејност и е регистрирано согласно со закон ќе му се изрече за сторен прекршок на одговорното лице во економски оператор од приватниот сектор и на одговорното лице во субјектот од јавниот сектор, доколку овозможил користење на облигационите договори од членот 16 став (2) од овој закон на начин што предизвикува одложување на исполнувањето на паричните обврски во роковите утврдени со овој закон.

(3) Глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на физичко лице.

Член 17-г

Одмерувањето на висината на глобата за правно лице и трговец-поединец се врши согласно со Законот за прекршоците.“

Член 17

Во членот 18 став (1) се менува и гласи:

„За јавните претпријатија и трговските друштва основани од Република Македонија, општината, градот Скопје и општините во градот Скопје и друштва врз кои државата или органите на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје имаат директно или индиректно влијание преку сопственоста над нив, односно поседуваат поголем дел од капиталот над друштвото, имаат мнозинство гласови на акционерите/содружниците и именуваат повеќе од половина од членовите на управниот или надзорниот одбор, односно ор-

ганите на управување на друштвото и единиците на локалната самоуправа, роковите од членот 6 став (1) од овој закон ќе се применуваат од 1 јануари 2016 година.“

Член 18

Постапките на надзор започнати до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе се спроведат согласно со одредбите на Законот за финансиска дисциплина („Службен весник на Република Македонија“ број 187/13 и 201/14).

Член 19

Подзаконските акти пропишани со овој закон ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 20

Одредбите од членовите 14 став (3) и 14-а став (16) ќе се применуваат заклучно со 31 декември 2017 година.

Член 21

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

**L I GJ**
**PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR DISIPLINË FINANCIARE**

Neni 1

Në Ligjin për disiplinë financiare (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 187/13 dhe 201/14) në nenin 1 fjalët “parashikuara” zëvendësohet me fjalën "përcaktuara".

Neni 2

Në nenin 4, në pikën 1, pas fjalëve: "Transaksion afarist është" shtohen fjalët: "çdo marrëveshje, si dhe secila".

Pika 6 ndryshohet si vijon:

“Pagesë e vonuar” është mosplotësimi i obligimit me para në afatet e përcaktuara me këtë ligj, respektivisht në afatin e përcaktuar në marrëveshjen lëndë e të cilës është furnizim publik shumëvjeçar;”.

Neni 3

Në nenin 5 në paragrafin (1) fjala “parashikon” zëvendësohet me fjalën “kontrakton”.

Në paragrafin (2) në pikën 4) fjala “parashikuar” zëvendësohet me fjalën “kontraktuar”

Në paragrafin (3) fjala “parashikon” zëvendësohet me fjalën “kontrakton”.

Neni 4

Në nenin 6 paragrafi (1) fjala “marrëveshje” zëvendësohet me fjalët:: “transaksion afarist”, ndërsa fjala “parashikon” zëvendësohet me fjalën “kontrakton”.

Pas paragrafit (1) shtohet paragraf i ri (2) si vijon:

“(2) Me përjashtim të paragrafit (1) të këtij neni, në rastin kur Fondi i Sigurimit Shëndetësor të Maqedonisë dhe shfrytëzuesit e mjeteve të Fondit për Sigurim Shëndetësor të Maqedonisë, Institucionet Shëndetësore Publike dhe Institucioni Publik nga sfera e Shëndetësisë për nevojat e institucioneve shëndetësore publike, klinikat universitare, enti dhe qendra e urgjencës, paraqiten si debitorë, nuk mund të përcaktohet afat për plotësimin e obligimit me para më gjatë se 90 ditë.

Në paragrafin (2) i cili bëhet paragraf (3), fjalët: “paragrafi (1)” zëvendësohen me fjalët: “paragrafët (1) dhe (2)”, ndërsa fjalët: “60 ditë” zëvendësohen me fjalët: “60, gjegjësisht 90 ditë”.

Në paragrafin (3) i cili bëhet paragraf (4) fjalët: “paragrafët (1) dhe (2)” zëvendësohen me fjalët: “paragrafët (1), (2) dhe (3)”.

Paragrafi (4) bëhet paragraf (5).

Paragrafët (5) dhe (6) të cilët bëhen paragrafë (6) dhe (7) ndryshohen si vijon:

“Subjektet e sektorit publik llogaritë e të cilave janë në kuadër të Llogarisë së Thesarit të Ministrisë së Financave, gjegjësisht Llogarisë së Thesarit të Fondit të Sigurimit Shëndetësor të Maqedonisë, janë të obliguara kërkesën për pagesën e faturave të maturuara ndaj operatorit ekonomik të sektorit privat deri te Thesari i Ministrisë së Financave, gjegjësisht deri të Thesari i Fondit të Sigurimit Shëndetësor të Maqedonisë, ta paraqesin përfundimisht në ditën e tridhjetë, nëse faturat e subjektit janë në kuadër të llogarisë së thesarit të Ministrisë së Financave , përkatësisht në ditën e dyzetepestë, nëse llogaritë e subjekteve janë në kuadër të llogarisë së thesarit të Fondit të Sigurimit Shëndetësor, nga dita kur fillon të rrjedhë afati në pajtim me nenin 5 paragrafin (2) të këtij ligji.

Ministria e Financave, respektivisht Fondi i Sigurimit Shëndetësor i Maqedonisë, në rastet nga paragrafi (6) i këtij neni, janë të obliguar t’i paguajnë mjetet e faturës së dorëzuar nga paragrafi (6) të këtij neni, në llogarinë e operatorit ekonomik të sektorit privat, në afat prej 30, respektivisht 45 ditë nga dita e paraqitjes së kërkesës për pagesë në thesar."

Neni 5

Pas nenit 6 shtohet nen i ri 6-a si vijon:

“Neni 6-a

Në marrëveshjen ndërmjet operatorëve ekonomikë të sektorit privat, respektivisht operatorit ekonomik nga sektori privat dhe subjekti i sektorit publik, në rastin kur subjekti i sektorit publik paraqitet si debitor, kur është konstatuar obligimi me para të paguhet në këste, si afate për plotësimin e obligimeve me para për çdo këst të caktuar në rastin kur si kreditor dhe debitor paraqiten operatorët ekonomikë të sektorit privat, zbatohen afatet nga neni 5 paragrafët (1) dhe (3) të këtij ligji, respektivisht në rastet kur subjekti i sektorit publik paraqitet si debitor, ndërsa kreditori i transaksionit afarist është operator ekonomik i sektorit privat, zbatohen afatet nga neni 6 paragrafët (1), (2) dhe (3) të këtij ligji."

Neni 6

Në nenin 7 pika 4) fjala “i parashikuar” zëvendësohet me fjalën “kontraktues”.

Neni 7

Në nenin 8 paragrafi (1) fjalët: "5,6,7 dhe 18" zëvendësohen me fjalët: "5,6,6-a,7 dhe 18".

Neni 8

Neni 9 shlyhet.

Neni 9

Në nenin 11 paragrafi (2) ndryshohet si vijon:

“Mbikëqyrje mbi zbatimin e dispozitave të këtij ligji nga operatorët ekonomikë të sektorit privat, kryen Ministria e Financave – Drejtoria për të Hyra Publike.”

Pas paragrafit (2) shtohet paragraf i ri (3) si vijon:

“(3) Nëse me këtë ligj nuk është rregulluar më ndryshe, për procedurën për mbikëqyrje zbatohen dispozitat e Ligjit për procedurë të përgjithshme administrative.”

Neni 10

Neni 12 ndryshohet si vijon:

“(1) Inspeksioni financiar në sektorin publik, respektivisht Drejtoria e të Hyrave Publike e zbatojnë mbikëqyrjen nga neni 11 i këtij ligji:

- pas marrjes së njoftimit nga gjykata se është miratuar aktvendim i plotfuqishëm,
- pas njoftimit të marrë nga noteri se është miratuar aktvendim i plotfuqishëm dhe ekzekutues me të cilin lejohet përmbarimi në bazë të dokumentacionit të besueshëm, të miratuara në procedurë për pagesë të detyruar të obligimit pagesor i cili rezulton nga transaksioni afarist dhe
- pas marrjes së njoftimit nga përmbaruesi për kërkesë për përmbarim në bazë të dokumentit përmbarues të noterit.

(2) Gjykata, noteri respektivisht përmbaruesi janë të obliguar ta dorëzojnë njoftimin nga paragrafi (1) i këtij neni, në afat prej 10 ditësh nga miratimi i aktgjykimit, respektivisht aktvendimit, respektivisht nga pranimi i kërkesës për përmbarim.

(3) Njoftimi nga paragrafi (1) i këtij neni paraqitet në me shkrim ose në formë elektronike, kur kjo është e mundur.

(4) Formën dhe përmbajtjen e njoftimit nga paragrafi (1) i këtij neni i përcakton ministri i Financave."

Neni 11

Në nenin 13 paragrafi (1) fjalët: "nenet 11 paragrafi (2) dhe 12" zëvendësohen me fjalët: "neni 12 paragrafi (1)".

Neni 12

Pas nenit 13 shtohen dy nene të reja 13-a, 13-b, si vijojnë:

"Neni 13-a

(1) Nëse gjatë kryerjes së mbikëqyrjes, të cilën e realizojnë organet nga neni 11 i këtij ligji, konstatohet se është kryer kundërvajtje për herë të parë nga subjekti i mbikëqyrjes, përpilohet procesverbal në të cilin do të konstatohet kryerja e kundërvajtjes dhe miratohet aktvendim me vërejtje për mënjanimin e kundërvajtjes në afat prej tetë ditësh dhe njëkohësisht dorëzohet ftesa për edukim të personit përgjegjës te subjekti te i cili është konstatuar kundërvajtja.

(2) Formën dhe përmbajtjen e ftesës për edukim, si dhe mënyrën e realizimit të edukimit i përcakton ministri i Financave.

(3) Edukimin e organizon dhe realizon Inspeksioni Financiar në sektorin publik, respektivisht Drejtoria e të Hyrave Publike, në afat jo më të gjatë se tetë ditë nga dita e realizimit të mbikëqyrjes.

(4) Edukimi mund të realizohet për më tepër kundërvajtje të përcaktuara të njëjta ose të përafërta për një ose më tepër subjekte.

(5) Nëse në terminin e caktuar personi përgjegjës i subjektit nga paragrafi (1) i këtij neni mbi të cilin realizohet edukimi, nuk paraqitet në edukim, do të konsiderohet se edukimi është realizuar.

(6) Nëse personi përgjegjës i subjektit nga paragrafi (1) i këtij neni mbi të cilin realizohet edukimi paraqitet në edukimin e caktuar dhe e kryen atë, do të konsiderohet se është edukuar në lidhje me kundërvajtjen e konstatuar.

(7) Nëse në afatin e përcaktuar në paragrafin (1) të këtij neni subjekti i mbikëqyrjes paraqet dëshmi se është mënjanuar kundërvajtja e konstatuar nga paragrafi (1) i këtij neni, miratohet konkluzion me të cilin ndërpritet procedura e mbikëqyrjes inspektuese.

(8) Nëse gjatë afatit të përcaktuar në paragrafin (1) të këtij neni subjekti i mbikëqyrjes nuk paraqet dëshmi se është mënjanuar kundërvajtja e konstatuar nga paragrafi (1) i këtij neni, propozohet procedurë për barazim me lëshimin e fleturdhëresës pagesore për kundërvajtje.

(9) Inspeksioni financiar i sektorit publik, respektivisht Drejtoria e të Hyrave Publike mbajnë evidencë për edukimin e realizuar në mënyrën dhe formën e përcaktuar nga ministri i Financave.

Neni 13-b

Nëse Inspeksioni financiar në sektorin publik, respektivisht Drejtoria e të Hyrave Publike gjatë kryerjes së mbikëqyrjes nga neni 13 i këtij ligji konstatojnë se deri në ditën e kryerjes së mbikëqyrjes obligimi pagesor i cili rezulton nga transaksioni afarist i cili është lëndë e kontrollit është plotësuar, të njëjtin e konstaton në procesverbalin dhe miraton konkluzion për ndërprerjen e procedurës për mbikëqyrje inspektuese".

Neni 13

Neni 14 ndryshohet si vijon:

"(1) Për kundërvajtjet e përcaktuara me këtë ligj, procedurë kundërvajtëse mban dhe sanksione kundërvajtëse kumton gjykata kompetente.

(2) Kërkesë për ngritjen e procedurës për kundërvajtje paraqesin Inspeksioni financiar në sektorin publik, respektivisht Drejtoria e të Hyrave Publike.

(3) Me përjashtim të paragrafit (2) të këtij neni, nëse subjekti i kontrolluar nuk e plotëson obligimin me para për shkak se në momentin e maturimit të obligimit llogaria e tij është e bllokuar më gjatë se 45 ditë, nuk ngrihet procedurë kundërvajtëse."

Neni 14

Pas nenit 14 shtohet nen i ri 14-a si vijon:

"Neni 14-a

(1) Për kundërvajtjet e kryera të këtij ligji, personat e autorizuar të Inspeksionit Financiar nga sektori publik, respektivisht nga Drejtoria e të Hyrave Publike janë të obliguar kryerësit të kundërvajtjes t'i propozojnë procedurë për lëshimin urdhëresës pagesore për kundërvajtje, para se ta paraqesin kërkesën për procedurë për kundërvajtje.

(2) Procedura për lëshimin e urdhëresës pagesore për kundërvajtje është e detyrueshme.

(3) Nëse personi i autorizuar konstaton kundërvajtje, përpilon procesverbal në të cilin i shënon elementet qenësore të veprimit prej të cilit rezulton karakteristika juridike e kundërvajtjes, koha, vendi dhe mënyra e kryerjes së kundërvajtjes, përshkrimi i veprimit dhe jep propozim për barazim me lëshimin e urdhëresës pagesore për kundërvajtje. Procesverbalin e nënshkruajnë personi i autorizuar dhe kryerësi.

(4) Nëse kryerësi e pranon veprën e cila i ngarkohet, personi i autorizuar menjëherë do të lëshojë urdhëresë pagesore për kundërvajtje.

(5) Urdhëresa pagesore për kundërvajtje përmban: emrin personal, adresën dhe numrin unik të amzës të qytetarit, nëse bëhet fjalë për person të huaj edhe numrin e dokumentit për udhëtim dhe shtetin, ndërsa për person juridik, emri, selia dhe numri tatimor, vendi dhe koha e kryerjes së kundërvajtjes, kualifikimin juridik të kundërvajtjes, shumën e gjobës, numrin e llogarisë për pagesë dhe këshillën juridike.

(6) Pas pranimit dhe nënshkrimit të urdhëresës pagesore për kundërvajtje, kryerësi është i obliguar ta paguajë gjobën e kumtuar në pajtim me paragrafin (5) të këtij neni në afat prej tetë ditë nga dita e pranimit të urdhëresës pagesore për kundërvajtje në llogarinë e shënuar në urdhëresën pagesore.

(7) Kryerësi i cili do ta paguajë gjobën në afatin nga paragrafi (6) të këtij neni do të paguajë gjysmën e gjobës së kumtuar, për të cilën të drejtë këshillohet në këshillën juridike.

(8) Në procedurën e cila do të kryhet me pagesën e urdhëresës pagesore për kundërvajtje nuk paguhen shpenzimet e procedurës.

(9) Kryerësi i cili me largimin e tij për shkak të qëndrimit në vend të huaj do të mund të evitojë pagesën e gjobës, është i obliguar menjëherë ta paguajë gjobën e kumtuar me urdhëresën pagesore për kundërvajtje.

(10) Organi kompetent për ngritjen e procedurës për kundërvajtje në rastin nga paragrafi (4) të këtij neni përkohësisht mund të konfiskojë dokumentin për udhëtim ose letërnjoftimin dhe patentë shoferin, deri sa nuk paraqitet provë se gjoba është paguar, por më së gjati tetë ditë nga dita e marrjes.

(11) Nëse kryerësi nuk e paguan gjobën në afatin nga paragrafi (6) të këtij neni, personi i autorizuar paraqet kërkesë për ngritjen e procedurës për kundërvajtje.

(12) Personi i autorizuar është i obliguar të mbajë evidencë për urdhëresat pagesore të lëshuara për kundërvajtje nga paragrafi (4) të këtij neni dhe për epilogun e procedurave të ngritura.

(13) Në evidencën nga paragrafi (12) të këtij neni grumbullohen, përpunohen dhe rruhen të dhënat si vijon: emri dhe mbiemri, respektivisht emërtimi i kryerësit të kundërvajtjes, vendbanimi, respektivisht vendqëndrimi, selia, lloji i kundërvajtjes, numri i urdhëresës për pagesën e kundërvajtjes e cila i lëshohet dhe epilogu i procedurës.

(14) Të dhënat personale nga paragrafi (13) të këtij neni ruhen pesë vjet nga dita e vendosjes ne evidencë.

(15) Ministri i Financave e përcakton formën dhe përmbajtjen e urdhëresës pagesore për kundërvajtje.

(16) Me përjashtim të paragrafit (2) të këtij neni, nëse subjekti i kontrolluar nuk e plotëson obligimin me para për shkak të asaj se në momentin e maturimit të obligimit llogaria e tij është e bllokuar më gjatë se 45 ditë, nuk ngrihet procedurë për kundërvajtje."

Neni 15

Neni 17 ndryshohet si vijon:

"(1) Gjobë në shumë prej 10.000 euro në kundërvlerë të denarit do t'i kumtohet për kundërvajtje operatorit ekonomik nga sektori privat – shoqërisë tregtare, tregtarit individ dhe personit juridik i cili kryen veprimtari fitimprurëse dhe është i regjistruar në pajtim me ligjin, nëse nuk e plotëson obligimin në para në afatet e përcaktuara në nenin 5 paragrafët (1) dhe (3), neni 6-a dhe neni 7 të këtij ligji.

(2) Gjobë në shumë prej 30% nga gjoba e matur për shoqërinë tregtare dhe personin juridik i cili kryen veprimtari fitimprurëse dhe është i regjistruar në pajtim me ligjin dhe për individin tregtar do t'i shqiptohet për kundërvajtjet nga paragrafi (1) të këtij neni personit përgjegjës në shoqërinë tregtare dhe personit juridik i cili kryen punë fitimprurëse dhe është i regjistruar në pajtim me ligjin edhe personit përgjegjës te tregtari individ.

(3) Gjobë në shumë prej 1.000 deri në 1.500 euro në kundërvlerë të denarit do t'i shqiptohet për kundërvajtjen nga paragrafi (1) të këtij neni personit fizik."

Neni 16

Pas nenit 17 shtohen katër nene të reja 17-a, 17-b, 17-v dhe 17-g si vijojnë:

"Neni 17-a

"(1) Gjobë në shumë prej 10.000 euro në kundërvlerë të denarit do t'i shqiptohet për kundërvajtje subjektit nga sektori publik, nëse nuk e plotëson obligimin me para në afatet e përcaktuara në nenin 6 paragrafët (1) dhe (2), neni 6-a dhe neni 7 të këtij ligji, respektivisht në afatin e përcaktuar nga neni 6 paragrafi (3) të këtij ligji.

(2) Gjobë në shumë prej 30% të gjobës së matur për subjektin e sektorit publik do t'i shqiptohet personit përgjegjës të subjektit të sektorit publik nëse nuk e plotëson obligimin me para në afatet e përcaktuara në nenin 6 paragrafët (1) dhe (2) dhe neni 6-a të këtij ligji, respektivisht në afatin e përcaktuar nga neni 6 paragrafi (3), respektivisht për subjektet të cilët janë në kuadër të Ministrisë së Financave, respektivisht Thesarit të Fondit të Sigurimit Shëndetësor, në rastet kur kërkesa për pagesë në thesarin e Ministrisë së Financave, respektivisht në Thesarin e Fondit të Sigurimit Shëndetësor të Maqedonisë është dorëzuar pas skadimit të afateve nga neni 6 paragrafi (6) të këtij ligji.

(3) Gjobë në shumë prej 30% të gjobës së matur për subjektin nga sektori publik do t'i shqiptohet personit përgjegjës të subjektit nga sektori publik, nëse nuk e plotëson obligimin me para në afatin e përcaktuar në pajtim me nenin 7 të këtij ligji.

Neni 17-b

Gjobë në shume prej 1.500 euro në kundërvlerë të denarit do t'i shqiptohet për kundërvajtje ministrit të Financave, respektivisht drejtorit të Fondit të Sigurimit Shëndetësor të Maqedonisë, nëse subjektet të cilat janë në kuadër të Thesarit të Ministrisë së Financave, respektivisht Thesarit të Fondit të Sigurimit Shëndetësor, e kanë dorëzuar kërkesën për pagesë në Thesarin e Ministrisë së Financave, respektivisht Thesarin e Fondit të Sigurimit Shëndetësor, në afatet nga neni 6 paragrafi (6) të këtij ligji, ndërsa Ministria e Financave respektivisht Fondi i Sigurimit Shëndetësor nuk do t'i paguajnë mjetet në para në emër të të cilëve është fatura në afatet nga neni 6 paragrafi (7) të këtij ligji.

Neni 17-v

(1) Gjobë në shumë prej 10.000 euro në kundërvlerë të denarit do t'i shqiptohet për kundërvajtje subjektit nga sektori publik dhe operatorit ekonomik nga sektori privat – shoqërisë tregtare, tregtarit individ dhe personit juridik i cili kryen punë fitimprurëse dhe është i regjistruar në pajtim me ligjin, nëse marrëveshjet obligative nga neni 16 paragrafi (2) të këtij ligji i shfrytëzon në mënyrë që shkakton prolongim të plotësimit të obligimeve në para në afatet e përcaktuara me këtë ligj.

(2) Gjobë në shumë prej 30% të gjobës së matur për subjektin nga sektori publik dhe operatorin ekonomik të sektorit privat – shoqëri tregtare, tregtar individ dhe person juridik i cili kryen veprimtari fitimprurëse dhe është i regjistruar në pajtim me ligjin, do t'i shqiptohet për kundërvajtje të kryer personit përgjegjës në operatorin ekonomik të sektorit privat dhe personit përgjegjës në subjektin e sektorit publik, nëse ka mundësuar shfrytëzimin e marrëveshjeve obligative nga neni 16 paragrafi (2) të këtij ligji në mënyrë që shkakton prolongimin e plotësimit të obligimeve në para në afatet e përcaktuara me këtë ligj.

(3) Gjobë në shumë prej 1.000 deri në 1.500 euro në kundërvlerë të denarit do t'i shqiptohet për kundërvajtjen nga paragrafi (1) të këtij neni personit fizik.

Neni 17-g

Matja e lartësisë së gjobës për person juridik dhe tregtar individ kryhet në pajtim me Ligjin për kundërvajtje."

Neni 17

Në nenin 18, paragrafi (1) ndryshohet si vijon:

"Për ndërmarrjet publike dhe shoqëritë tregtare të themeluara nga Republika e Maqedonisë, komuna, qyteti i Shkupit dhe komunat në qytetin e Shkupit dhe shoqëritë mbi të mbi të cilat shteti apo organet e komunës, qyteti i Shkupit dhe komunat në qytetin e Shkupit kanë ndikim të drejtpërdrejtë ose indirekt përmes pronësisë mbi to, gjegjësisht posedojnë pjesë të madhe të kapitalit mbi shoqërinë, kanë shumicën e votave të aksionarëve/bashkëpronarëve dhe emërojnë më tepër se gjysmën e anëtarëve të këshillit drejtues ose mbikëqyrës, respektivisht organet e drejtimit të shoqërisë dhe njësitë e vetëqeverisjes lokale, afatet nga neni 6 paragrafi (1) të këtij ligji do të zbatohen nga 1 janari 2016."

Neni 18

Procedurat e mbikëqyrjes të filluara deri në ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji, do të zbatohen në pajtim me dispozitat e Ligjit për disiplinë financiare ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë " numër 187/13 dhe 201/14).

Neni 19

Aktet nënligjore të përcaktuara me këtë ligj do të miratohen në afat prej 30 ditësh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 20

Dispozitat e nenit 14 paragrafi (3) dhe nenit 14-a paragrafi (16) do të zbatohen përfundimisht me 31 dhjetor 2017.

Neni 21

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**5920.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАНАЕТЧИСТВО**

Се прогласува Законот за занаетчиство,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 1 декември 2015 година.

Бр. 08- 5630/1
1 декември 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ЗАНАЕТЧИСТВО**

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат условите за вршењето на занаетчиска дејност и за издавање на занаетчиската дозвола, водење на Занаетчиски регистар, организирање на чирачката работа, како и организирање и финансирање на коморски систем.

Член 2

Одредени изрази употребени во овој закон, го имаат следново значење:

1. „Занаетчија" е физичко лице кое врши занаетчиска дејност и е запишан во Занаетчиски регистар;
2. „Вршител на занаетчиска дејност" е занаетчија, трговец поединец друштво со ограничено одговорност и друштво со ограничена одговорност основано од едно лице кое врши занаетчиска дејност;
3. „Занаетчиски регистар" е јавна книга која претставува база на податоци на сите запишани вршители на занаетчиска дејност кој го води Занаетчиската комората на Република Македонија;
4. „Занаетчиска комора" е регионална занаетчиска комора, општинска занаетчиска комора и Занаетчиска комора Скопје кои вршат јавни овластувања согласно со овој закон;
5. „Занаетчиска дозвола" е јавна исправа која се издава на вршителот на занаетчиска дејност врз основа на соодветна стручно оспособување или стручно образование за дејноста;
6. „Регистратор" е овластено лице кое врши уписи во Занаетчискиот регистар според постапка утврдена со овој закон;
7. „Јавно овластување" е овластување кое се доделува на занаетчиската комора согласно со овој закон за издавање на следниве акти:
   - решение за упис во Занаетчискиот регистар,
   - решение за одбивање на барањето за упис во Занаетчискиот регистар,
   - занаетчиска дозвола,
   - решение за упис на промена,
   - решение за привремено запирање на вршење на дејноста,
   - решение за одјавување на дејноста и
   - решение за времено вршење на занаетчиска дејност.
8. „Занаетчиска дејност"е занаетчиско производство, занаетчиски услуги и дејност на домашно и уметничко занаетчиство;
9. „Занаетчиско производство" е изработка и производство на производи претежно по нарачки, во мали серии, кое нема карактеристики на индустриско производство;
10. „Занаетчиски услуги" се поправки и одржување на производите, уредите и објектите, како и вршење на лични услуги;
11. „Дејност на домашно и уметничко занаетчиство" е дејност за која е карактеристичен едноставен начин на работа со главно рачна работа, уметничко и дизајнерско создавање и
12. „Едношалтерскиот систем" е систем кој овозможува прием, обработка, дистрибуција на податоци и документи потребни за вршење на занаетчиска дејност.

Член 3

Во постапката при вршење на инспекциски надзор ќе се применуваат одредбите од Законот за инспекциски надзор и Законот за Државен пазарен инспекторат, доколку со овој закон поинаку не е определено.

II. ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ

**Услови**

Член 4

Занаетчиска дејност е производна или услужна профитна дејност за која важат следниве карактеристики:

- производство или услуги врз основа на индивидуални нарачки,
- производство во мали серии каде сериското производство не е претежен дел од дејноста и
- се врши со користење на машини, алат и технички уреди соодветни за дејноста согласно со претходната алинеја и немаат особина на автоматизиран работен процес.

Член 5

Надлежен регистар за упис на занаетчија е Занаетчиски регистар кој го води Занаетчиската комора на Република Македонија електронски како централен регистар и занаетчиската комора како основно регистрациско тело.

Надлежен регистар за упис на трговец поединец, друштво со ограничено одговорност и друштво со ограничена одговорност основано од едно лице е трговскиот регистар кој го води Централниот регистар.

Член 6

Советот на општината, односно Советот на град Скопје, го определува работното време на занаетчиските дејности во зависност од месните обичаи и потреби.

Член 7

Занаетчијата одговара за своите обврски со целиот свој имот.

Член 8

Вршителот на занаетчиска дејност согласно со овој закон може да врши:

- една или повеќе сродни занаетчиски дејности и
- продажба на своите производи.

Вршителот на занаетчиска дејност може при вршењето на дејноста да врши продажба и на други производи кои служат на неговиот производ или услуга.

Вршителот на занаетчиска дејност може своите производи да ги продава во просториите во кои ја врши дејноста или на места определени за таа намена од Советот на општината или Советот на градот Скопје.

III. ЗАНАЕТЧИСКИ РЕГИСТАР

Член 9

Занаетчискиот регистар е единствен регистар на територија на Република Македонија.

Занаетчиската комора на Република Македонија и занаетчиската комора се надлежни за одржување на интегритетот на податоците на Занаетчискиот регистар, обезбедување на соодветно ниво на заштита и достапност на податоците, одржување, надгледување и заштита на системот за обработка на податоци, одржување, надгледување и заштита на мрежата за давање на користење на податоци, обезбедување на пристап до податоците во регистарот, дизајнирање и надгледување на перформансите на регистарот и спроведување на стандарди за употреба и безбедност на податоците во регистарот.

Личните податоци од Занаетчискиот регистар се чуваат трајно.

Формата, содржината и начинот на водење на Занаетчискиот регистар го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

Член 10

Уписот во Занаетчискиот регистар го врши регистратор од занаетчиската комора.

Регистраторот го определува управниот одбор на занаетчиската комора на предлог на претседателот на занаетчиската комора.

Во општината каде што не е основана занаетчиска комора уписот во Занаетчискиот регистар го врши најблиската занаетчиската комора согласно со доделеното јавно овластување од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

Член 11

Занаетчиската комора на Република Македонија преку воспоставен веб сервис со Централниот регистар без надоместок презема податоци за упис на основање, промена и бришење на трговец поединец, друштво со ограничена одговорност и друштво со ограничена одговорност основано од едно лице, согласно со Законот за Централен регистар, а врз основа на претходно склучен договор меѓу двата субјекти.

Занаетчиската комора на Република Македонија во рок од три работни дена електронски ја известува занаетчиската комора за уписот на вршителот на занаетчиската дејност во трговскиот регистар.

Трговецот поединец, друштвото со ограничено одговорност и друштвото со ограничена одговорност основано од едно лице кои вршат занаетчиска дејност за кои е потребно соодветно стручно образование се должни во рок од 30 дена од уписот во трговскиот регистар да поднесат барање до занаетчиската комора за добивање на занаетчиска дозвола која се запишува во Занаетчискиот регистар.

Статусот на вршител на занаетчиска дејност, трговецот поединец, друштвото со ограничено одговорност и друштвото со ограничена одговорност основано од едно лице за занаетчиските дејности за која не е потребно соодветно стручно оспособување или стручно образование, го стекнува со упис во трговскиот регистар.

**Упис во Занаетчискиот регистар**

Член 12

За вршење на занаетчиска дејност, невработено физичко лице поднесува писмено барање до занаетчиската комора за упис во Занаетчиски регистар, во местото каде што се наоѓаат просториите каде што се врши занаетчиската дејност. Доколку во местото каде што се наоѓаат просториите каде што се врши занаетчиската дејност не е формирана занаетчиската комора невработено физичко лице поднесува писмено барање до најблиската занаетчиската комора од местото каде се наоѓаат просториите каде што се врши занаетчиската дејност.

Ако занаетчиската дејност се врши без простории, барањето за упис во Занаетчискиот регистар се поднесува во занаетчиската комора која го покрива подрачјето на живеење на невработеното физичко лице кој бара упис во Занаетчиски регистар. Доколку во местото на живеење на невработеното физичко лице не е формирана занаетчиската комора барањето за упис се поднесува до најблиската занаетчиската комора на местото на живеење на невработеното лице.

Барањето од ставот 1 на овој член се поднесува на два идентични обрасци, со еден прилог на докази.

Со барањето од ставот 1 на овој член, физичкото лице доставува:

- потврда од Агенцијата за вработување на Република Македонија дека е невработено,
- доказ за исполнување на еден од условите од членот 35 став 1 од овој закон и
- доказ за платен надоместок за извршена услуга од јавните овластувања.

За издавање на решение за упис и занаетчиска дозвола се плаќа надоместок.

Занаетчиската комора во рок од пет работни дена од денот на поднесувањето на барањето издава решение за упис во занаетчиски регистар и занаетчиска дозвола.

Доколку физичкото лице кон барањето за упис во занаетчиски регистар приложи докази кои не се издадени од надлежни институции, занаетчиската комора ќе донесе решение со кое се одбива барањето за упис во занаетчиски регистар.

Формата и содржината на барањето од ставот 1 на овој член го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

Формата и содржината на решението за упис и занаетчиската дозвола ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

Формата и содржината на решението за одбивање на барањето за упис во Занаетчискиот регистар го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

Против решението од ставот 7 на овој член може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

Член 13

Со денот на уписот во Занаетчискиот регистар, физичкото лице се стекнува со својство на занаетчија.

По еден примерок од решението за упис во Занаетчискиот регистар се доставува до Централниот регистар.

Член 14

Занаетчискиот регистар се води како едношалтерски систем од страна на Занаетчиската комора на Република Македонија при што занаетчиската комора во нејзино име ги запишува податоците за вршителите на занаетчиска дејност.

Член 15

Преку едношалтерскиот систем се овозможува:

- обезбедување на податоци кои се задолжителни за упис на занаетчијата во Занаетчискиот регистар и
- обединување на сите правно релевантни податоци во едно решение за остварување на правата на занаетчијата.

Член 16

Преку едношалтерски систем се врши:

- доставување на решение од основното регистрациско тело до Централниот регистар и поднесување пријава за упис во Централниот регистар,
- изготвување и достава на документи за пријава и одјава во Агенцијата за вработување на Република Македонија, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија и Фондот за здравствено осигурување на Македонија и
- изготвување и доставување на документи до надлежните органи согласно со закон.

Преку едношалтерскиот систем може да са вршат и следниве услуги:

- изготвување и доставување на документи за жиро сметка во банка по избор на занаетчијата,
- изготвување на печат по избор на занаетчијата,
- изготвување и доставување на барање во Управата за јавни приходи, за издавање на решение за ослободување од персонален данок за воведување и користење на одобрен систем за регистрирање на готовинските плаќања согласно одредбите од Законот за персонален данок на доход по избор на занаетчијата и
- изготвување и доставување на барање за паушално одданочување во Управата за јавни приходи по избор на занаетчијата.

**Фирма**

Член 17

Занаетчијата кој занаетчиската дејност ја врши во простории, мора да има фирма истакната на видно место.

Прописите што се однесуваат за фирмата на трговските друштва соодветно се применуваат и на занаетчиите.

Занаетчијата кој за вршење на занаетчиската дејност не мора да има простории за работа, не треба да има истакнато фирма.

Член 18

Занаетчијата во своето работење мора да ја употребува фирмата под која ја врши занаетчиската дејност, како што е запишано во Занаетчиски регистар.

Занаетчијата може да употребува и скратена ознака на фирмата под која ја врши занаетчиската дејност, која мора да се разликува од другите скратени ознаки на занаетчиите запишани во Занаетчиски регистар.

Скратената ознака на фирмата се запишува во Занаетчискиот регистар.

**Упис на промена**

Член 19

Занаетчијата е должен за секоја промена на дејноста, дополнување на дејноста и промена на адресата на седиштето да поднесе барање за упис на промена во Занаетчискиот регистар.

Занаетчиската комора во рок од пет работни дена издава решение за упис на промена.

Формата и содржината на барањето за упис на промена во Занаетчискиот регистар го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

Формата и содржината на решението за упис на промена во Занаетчискиот регистар го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

**Седиште**

Член 20

Занаетчијата може да ја врши дејноста во една или во повеќе простории, а за седиште на занаетчијата ќе биде она просторија која е запишана во Централниот регистар.

Ако за вршење на дејноста не се потребни простории, како седиште се смета местото во кое занаетчијата има живеалиште.

Вршителот на занаетчиската дејност не може да ја врши дејноста надвор од просториите за работа за оние занаетчиски дејности кои задолжително се вршат во простории.

Вршителот на занаетчиската дејност може занаетчиската дејност или одделни работи од таа дејност да ги вршат надвор од просториите, како и надвор од своето седиште во зависност од видот и начинот на вршењето на занаетчиската дејност или ако така е договорено со нарачателот на услугата.

Занаетчиските дејности кои треба задолжително да се вршат во простории ќе ги определи министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

Член 21

Вршителот на занаетчиската дејност е должен да обезбеди просториите во кои ја врши дејноста да ги исполнуваат пропишаните минимално технички услови.

Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството ги пропишува минималните технички услови од ставот 1 на овој член.

Член 22

Вршителот на занаетчиска дејност е должен исполнувањето на условите од членот 21 став 1 од овој закон да го пријави во Државниот пазарен инспекторат, на денот на започнување со вршење на дејноста, на образец чија форма и содржина го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

**Начин на вршење на дејност**

Член 23

Вршителот на занаетчиска дејност може да ги врши само занаетчиските дејности што се наведени во решението за упис во надлежниот регистар и занаетчиската дозвола.

Член 24

Вршителот на занаетчиска дејност доколку тоа не е определено со друг пропис е должен:

1) на видно место да истакне ценовник на своите производи, односно услуги;

2) на видно место да го истакне своето работно време и да се придржува до него и

3) да поседува соодветна документација за набавените стоки и материјали и за продадените стоки, односно услуги.

**Привремено запирање**

Член 25

Занаетчијата може привремено да запре со вршењето на дејноста во случај на:

(1) болест, додека трае неспособноста за работа;

(2) адаптација и реконструкција на просториите за работа до три месеци, еднаш во годината;

(3) бременост, раѓање и родителство;

(4) притвор, издржување на казна затвор до шест месеци, изречена казна забрана за вршење на дејност до шест месеци и

(5) намален обем на работа до три месеци, два пати годишно.

Во случај кога запирање на дејноста трае помалку од 30 дена, не се смета како привремено запирање.

Привременото запирање по сите основи не може да биде подолго од шест месеци во текот на годината со исклучок на точка 3 од ставот 1 на овој член каде траењето на привременото запирање на вршењето на занаетчиска дејност се утврдува согласно со прописите од областа на работните односи.

Занаетчијата е должен во рок од осум дена од денот на настанувањето на случаите од ставот 1 на овој член да го пријави привременото запирање на вршење на дејноста во занаетчиската комора.

Член 26

Занаетчиската комора која го извршила уписот во Занаетчискиот регистар, на барање на занаетчијата во рок од пет работни дена издава решение за привремено запирање на дејноста, од кое еден примерок доставува до Централниот регистар.

Формата и содржината на барањето за привремено запирање го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

Формата и содржината на решението за привремено запирање на вршење на дејноста го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

Против решението од ставот 1 на овој член може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

Занаетчијата е должен, доколку занаетчиската дејност ја врши во простории, на видно место да го истакне периодот на привременото запирање на вршење на дејност.

Член 27

Ако занаетчијата започне со вршење на дејност пред определеното време утврдено со решението за привремено запирање, е должен да го пријави продолжувањето на вршењето на дејноста во занаетчиската комора во рок од три дена од престанокот на причината поради која настанало привременото запирање на вршењето на дејноста.

Занаетчиската комора во рок од пет работни дена од денот на добивањето на пријавата од ставот 1 на овој член го известува Централниот регистар за продолжувањето на вршењето на дејноста.

**Престанок на дејност**

Член 28

Занаетчијата престанува да врши дејност и се брише од Занаетчиски регистар:

1) со одјавување,

2) по сила на закон и

3) во случај на смрт.

Член 29

За одјавување на дејноста на занаетчијата со одјавување, занаетчиската комора во рок од пет работни дена донесува решение за одјавување на дејноста врз основа на писмено барање на занаетчијата.

Против решението од ставот 1 на овој член може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен од областа на занаетчиството.

По еден примерок од решението од ставот 1 на овој член се доставува до Централниот регистар. Како ден на престанување на вршење на дејноста се смета денот на поднесување на барањето.

Решението од ставот 1 на овој член занаетчиската комора го запишува во Занаетчискиот регистар од денот на поднесувањето на барањето за одјавување на дејноста.

Формата и содржината на барањето за одјавување на дејноста го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

Формата и содржината на решението за одјавување на дејноста го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

Член 30

Занаетчијата престанува да ја врши дејноста по сила на закон во следниве случаи:

1) ако се пензионира;

2) ако е на издржување на казна затвор во траење подолго од шест месеци и

3) со правосилна судска одлука или правосилно решение му биде изречена мерка за безбедност забрането вршење на дејноста подолго од шест месеци.

За престанок на дејноста по сила на закон, занаетчиската комора донесува решение за бришење во Занаетчискиот регистар со денот на исполнување на условот од ставот 1 на овој член.

Против решението од ставот 2 на овој член може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот преку занаетчиската комора до министерот кој ракоди со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

Решението од ставот 2 на овој член занаетчиската комора го запишува во Занаетчиски регистар.

По еден примерок од решението од ставот 1 на овој член се доставува до Централниот регистар. Како ден на престанување на вршење на дејноста се смета денот на поднесување на барањето.

Член 31

Занаетчијата може да го пренесе вршењето на дејноста на член од своето потесно семејство, како и на трето лице со преземање на сите права и обврски, за што поднесува барање до занаетчиската комора.

Членот на потесното семејство, односно третото лице е должен во рок од 30 дена од денот на уписот во Занаетчискиот регистар да достави докази согласно со членот 35 став 1 од овој закон.

Доколку доказите од членот 35 став 1 од овој закон не се приложат во утврдениот рок од ставот 2 на овој член, занаетчиската комора донесува решение за бришење на уписот во Занаетчискиот регистар.

Против решението за бришење од Занаетчискиот регистар може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот преку занаетчиската комора до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

Член 32

Во случај на смрт на занаетчијата, дејноста со исклучок на занаетчиските дејности кои се однесуваат на производство на прехранбени производи и пијалаци, како и на производи за здравје и нега на тело, може да продолжи да ја врши брачниот другар или наследникот од прв наследен ред најдолго до една година.

Брачниот другар или наследникот од прв наследен ред во рок од 30 дена од денот на смртта на занаетчијата поднесува барање до занаетчиската комора за добивање на решение за времено вршење на занаетчиската дејност, за периодот утврден во ставот 1 на овој член.

Занаетчиската комора во рок од пет работни дена издава решение за времено вршење на занаетчиска дејност.

Против решението од ставот 3 на овој член може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен од областа на занаетчиството.

Доколку занаетчиската комора донесе решение со кое се пренесува вршењето на дејноста на член од потесното семејство на занаетчијата, како и на трето лице со преземање на сите права и обврски, примерок од истото се доставува до Централниот регистар.

Формата и содржината на барањето за издавање на решение за времено вршење на занаетчиска дејност го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

Формата и содржината на решението за времено вршење на занаетчиска дејност го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

Член 33

Занаетчиската комора ќе го огласи решението за времено вршење на занаетчиската дејност за ништовно ако дополнително утврди дека занаетчијата го добил решението за упис во Занаетчискиот регистар врз основа на лажни докази и ќе го брише од Занаетчискиот регистар.

Член 34

Министерството надлежно за работите од областа на занаетчиството во соработка со Занаетчиската комора на Република Македонија изготвува Листа на занаети кои се во изумирање врз осова на следниве критериуми:

- традиционални занаетчиски дејности автентични за поднебјето на Република Македонија,
- традиционални занаетчиски дејности за кои се намалува интересот за регистрација во последните десет години т.е. со најмал процент за регенерирање и
- занатечиски дејности кои остваруваат мал приход во континуитет.

Листата на занаети во измумирање се објавува на веб страницата на Министерството надлежна за работите од областа на занаетчиството и на веб страницата на Занаетчиската комора на Република Македонија.

## IV. ЗАНАЕТЧИСКА ДОЗВОЛА

### Услови за издавање на занаетчиска дозвола

Член 35

Занаетчијата се стекнува со занаетчиска дозвола, доколку ги исполнува еден од следниве услови:

- средно стручно образование од соодветна насока (тригодишно и четиригодишно образование),
- соодветна квалификација,
- стручно оспособување (едногодишно и двегодишно образование);
- мајсторски испит,
- соодветно работно искуство со минимум основно образование ако пет години вршело дејност од листата на занаетчиски дејности како сопственик или вработен кај вршителот на занаетчиската дејност во соодветна дејност,
- соодветно работно искуство со минимум средно образование ако три години вршело дејност од листата на занаетчиски дејности како сопственик или вработен кај вршителот на занаетчиската дејност во соодветна дејност и
- соодветно работно искуство со минимум вишо или високо образование ако една година вршело дејност од листата на занаетчиски дејности како сопственик или вработен кај вршителот на занаетчиската дејност во соодветна дејност.

Занаетчијата од ставот 1 алинеја 5, 6 и 7 на овој член за добивање на занаетчиска дозвола полага испит за проверка на знаењето во занаетчиската комора според програма донесена од Занаетчиската комора на Република Македонија.

Испитот од ставот 3 на овој член го спроведува Комисија формирана од страна на занаетчиската комора, во состав од еден член од занаетчиска комора и два члена-вршители на занаетчиска дејност, односно мајстори кои вршат иста или слична дејност за која физичкото лице бара занаетчиска дозвола.

За спроведениот испит Комисијата од ставот 4 на занаетчијата му издава потврда за положен испит за проверка на знаењето.

Занаетчијата кој се занимава со дејност на домашно и уметничко занаетчиство не треба да ги исполнува условите од ставот 1 од овој член.

Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството ќе ги определи занаетчиските дејности за чие вршење не е потребно соодветно стручно образование или соодветно стручно оспособување.

Дејностите кои можат да ги вршат вршителите на занаетчиската дејност како и дејностите од членот 2 став 1 точка 11 од овој закон министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството ги утврдува во листа која се објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

Член 36

Трговецот поединец, друштвото со ограничено одговорност и друштвото со ограничена одговорност основано од едно лице се стекнува со занаетчиска дозвола ако најмалку едно вработено лице исполнува еден од условите од членот 35 став 1 од овој закон.

Трговецот поединец, друштвото со ограничено одговорност и друштвото со ограничена одговорност основано од едно лице кои вршат занаетчиска дејност може да имаат повеќе лица кои ги исполнуваат условите за добивање на занаетчиска дозвола.

Член 37

Ако вработеното лице кај вршителот на занаетчиската дејност привремено или трајно го напушти вршителот на занаетчиската дејност, истото е должно во рок од 30 дена од денот на напуштањето да обезбеди друго вработено лице кое е носител на занаетчиска дејност.

За време на отсуство на вработеното лице кај вршителот на занетчиската дејност, истото е должно да престане со вршење на занаетчиска дејност.

Занаетчиската комора ќе ја одземе занаетчиската дозвола на вршителот на занаетчиска дејност ако во рокот утврден во ставот 1 на овој член, не обезбеди друго вработено лице кое ги исполнува условите и ќе го избрише од Занаетчискиот регистар.

Член 38

Занаетчиската комора е должна да ја издаде занаетчиската дозвола на трговец поединец, друштво со ограничено одговорност и друштво со ограничена одговорност основано од едно лице во рок од пет работни дена од денот на поднесувањето на барањето за издавање на занаетчиска дозвола.

Со барањето од ставот 1 на овој член трговецот поединец, друштвото со ограничено одговорност и друштвото со ограничена одговорност основано од едно лице ги приложува и доказите од членот 35 став 1 од овој закон.

Против решението за издавање на занаетчиска дозвола, односно решение за одбивање на издавање на занаетчиска дозвола може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението преку занаетчиската комора до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

Член 39

Занаетчиската дозвола не смее да се пренесе на друг вршител на занаетчиска дејност.

Вршителот на занаетчиска дејност може да врши само занаетчиски дејности што се наведени во занаетчиската дозвола, освен во случаите кога со закон е определено дека може да врши и други дејности.

Член 40

Занаетчиската дозвола која му е издадено на трговец поединец, друштво со ограничено одговорност и друштво со ограничена одговорност основано од едно лице престанува да важи:

- по сила на закон и
- по барање на вршителот на занаетчиска дејност.

На трговецот поединец, друштвото со ограничено одговорност и друштвото со ограничена одговорност основано од едно лице со денот на престанување на занаетчиската дејност му престанува да важи занаетчиската дозвола.

## V. СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ВРШИТЕЛИ НА ЗАНАЕТЧИСКА ДЕЈНОСТ

Член 41

Заради побрз развој на занаетчиството како и зголемување на конкурентноста и иновативноста на занаетчиските производи и услуги, во Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво, донесена од Владата на Република Македонија се предвидуваат мерки, активности и средства за поддршка и развој на занаетчиството.

## VI. МАЈСТОРСКА ТИТУЛА

Член 42

Занаетчиите можат да се стекнат со титула мајстор.

Со титула мајстор можат да се стекнат и физички лица кои се вработени кај вршителот на занаетчиска дејност.

Титула мајстор се стекнува согласно со Законот за стручно образование и обука.

## VII. ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЧИРАЧКА РАБОТА

**Чираци**

Член 43

Чиракување е период кој невработено лице го поминува на работно место кај вршителот на занаетчиска дејност со цел да се стекне со вештини, компетенции и знаења за изучување на определен занает.

**Услови и начин на работа на чирак**

Член 44

Чирак согласно со овој закон, може да биде лице кое има најмалку 15 години возраст и кое е невработено.

Член 45

Ангажирање на чираци се врши од страна на вршителот на занаетчиска дејност или врз основа на јавен оглас објавен од страна на Агенцијата за вработување на Република Македонија, доколку истото е предвидено во годишниот оперативен план за активни програми и мерки за вработување.

Член 46

Работата на чиракот може да трае не повеќе од 12 месеци.

Работодавачот во текот на годината може да ангажира не повеќе од двајца чираци.

За работа на чиракот се склучува договор.

Договорот за чирак е двостран во случаите кога се склучува меѓу вршителот на занаетчиска дејност и чиракот или тростран во случај кога е склучен меѓу Агенцијата за вработување на Република Македонија вршителот на занаетчиска дејност и чиракот доколку истото е предвидено во годишниот оперативен план за активности програми и мерки за вработување.

Вршителот на занаетчиска дејност е должен во рок од пет работни дена да достави до Агенцијата за вработување на Република Македонија и до Државниот инспекторат за труд писмено известување за склучениот договор за чирачка работа.

**Права и обврски на чиракот и вршителот на занаетчиска дејност**

Член 47

Чиракот има право:

- во писмена форма да го добие описот на правата и обврските,
- да биде запознаен со условите за работа и опасностите поврзани за време на чирачката работа,
- да биде запознаен со работите и работните задачи на работното место каде ќе работи како чирак и ја реализира чирачката работа,
- да користи средства за заштита при работа согласно со прописите за заштита при работа,
- на отсуство за време на чирачката работа, ако за тоа постојат оправдани причини,
- на дневен и неделен одмор,
- на месечен надоместок во висина не помала од 15% од просечната бруто плата исплатена во Републиката во претходната година и
- на заштита на приватноста и личните податоци.

Средствата за исплата на месечниот надоместок од ставот 1 алинеја 8 на овој член се обезбедуваат од страна на вршителот на занаетчиска дејност, Буџетот на Република Македонија преку оперативен план за активни програми и мерки за вработување на Агенцијата за вработување на Република Македонија, проекти и други извори.

Член 48

Чиракот е должен да:

- го извести вршителот на занаетчиска дејност за болеста или други причини за отсуство,
- врши работи според занаетот за кој е потпишан договорот за чирак согласно со овој закон и договорот за чираштво и општите акти на работодавачот со кои претходно е запознаен,
- ги врши работите лично и непосредно,
- ги чува доверливите податоци, личните податоци односно класифицираните информации со кои е запознаен и
- го извести работодавачот за штетни последици за кои е запознаен кои можат да настанат за вршителот на занаетчиска дејност и за самиот себе или за трети лица.

Доколку чиракот претходно го известил вршителот на занаетчиска дејност за штетните последици во врска со ставот 1 алинеја 5 на овој член, истиот нема одговорност за направената штета.

Член 49

Чиракот кој за време на работата намерно или од крајна небрежност ќе предизвика штета, е должен да му ја надомести штетата на вршителот на занаетчиска дејност, согласно со одредбите од Законот за облигационите односи.

Вршителот на занаетчиска дејност е должен да му ја надомести штетата на чиракот предизвикана за време или во врска со чирачката работа, согласно со одредбите од Законот за облигационите односи.

Член 50

Вршителот на занаетчиска дејност е должен да:

- врши селекција на пријавените кандидати за чираци,
- обезбеди ментор за надгледување и обука на чиракот,
- му издаде потврда на чиракот за извршената чирачка работа,
- обезбеди материјали и средства за работа на чиракот,
- обезбеди навремена исплата на надоместокот согласно со членот 47 став 1 алинеја 7 од овој закон,
- да обезбеди заштита на личните податоци и приватноста и
- обезбеди осигурување од професионални болести и повреда на работа за време на чирачката работа, согласно со прописите за пензиското и инвалидското осигурување и прописите за здравствено осигурување, доколку со друг закон поинаку не е предвидено.

Средствата за осигурување од професионални болести и повреда на работа за време на чирачката работа од ставот 1 алинеја 7 на овој член се обезбедуваат од страна на вршителот на занаетчиска дејност.

Член 51

Агенцијата за вработување на Република Македонија е должна да посредува меѓу работодавачот и чиракот во случаите кога средствата за исплата на месечниот надоместок се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

Агенцијата за вработување на Република Македонија води евиденција на чираци вклучени во чирачката работа.

Формата, содржината и начинот на водење на евиденцијата од ставот 2 на овој член ја пропишува министерот за труд и социјална политика.

Член 52

Договорот за чирачка работа особено ги содржи следниве елементи:

1. Договорни страни:
- работодавач (назив и седиште),
- чирак (име и презиме, адреса на живеалиште, односно на престојувалиште).

2. Предмет на договорот, занаетот за кој ќе биде чирак;
3. Работното место за кој ќе биде чирак;
4. Посебни права и обврски;
5. Начин на престанок и раскинување на договорот за работа на чирак;
6. Распоред на работно време и работни часови;
7. Датум и место на склучување на договорот и
8. Рок на важење.

Член 53

Договорот за чираштво престанува да важи:

- со истекот на временскиот рок за кој е склучен договорот или се исполнети условите за кои истиот е склучен,
- со спогодбено раскинување и
- кога работодавачот престанува да работи без правен наследник.

Чиракот може да го раскине договорот пред да истече времето за кое е склучен, со писмена изјава без обврска да ја наведе причината за раскинување на договорот, освен во случај кога раскинувањето може да предизвика штетни последици во работењето на работодавачот или на трети лица.

Работодавачот може да го раскине договорот за чираштво:

- со престанување на потребата за чирашка работа,
- кога не е во можност да ги обезбеди условите за чирашка работа и
- кога ќе констатира дека чиракот не ги исполнува договорените обврски.

Чиракот или вршителот на занаетчиска дејност за раскинување на договорот за чирачка работа е должен да поднесе писмената изјава до другата договорена страна во рок од пет работни дена.

Член 54

Со склучување на договорот за чирачка работа, не се губат правата по основ на невработеност согласно со прописите за вработување и осигурување во случај на невработеност.

По завршувањето на чирачката работа, чиракот има право да полага испит и да добие диплома за изучениот занает.

Испитот за проверка на знаењето на чиракот го спроведува Комисија формирана од занаетчиската комора.

Комисијата има три члена од кои еден од редовите на стручната служба на занаетчиската комора, ментор каде чиракот ја вршел чирачката работа и еден вршител на занаетчиска дејност кој врши иста или слична дејност за кој чиракот полага испит.

Дипломата за успешно завршена чирачка работа ја издава занаетчиската комора, доколку Комисијата формирано од страна на занаетчиската комора утврди дека чиракот успешно ја завршил чирачката работа.

## IX. КОМОРСКИ СИСТЕМ

### Занаетчиска комора на Република Македонија

Член 55

Занаетчиската комора на Република Македонија е самостојна, стручно-деловна организација која врши јавни овластувања утврдени со овој закон и дејствува на територијата на Република Македонија и има својство на правно лице. Во Занаетчиската комора на Република Македонија членуваат претставници на занаетчиските комори и претставници на струковите здруженија на ниво на Република Македонија.

Член 56

Занаетчиската комора на Република Македонија ги врши следниве работи:

1. унапредување и развој на занаетчиството;

2. ја разгледува проблематиката во областа на занаетчиство и се грижи за негов усогласен развој;

3. дава предлози до надлежните државни органи за подобривање на економските политики во областа на занаетчиството;

4. промовирање на занаетчиството, занаетчиските производи и услуги во Република Македонија и странство;

5. застапување на интересите на вршителите на занаетчиска дејност;

6. ги претставува вршителите на занаетчиска дејност пред државните органи и тела во Република Македонија и странство;

7. дава предлози за организирање на облици на стручно образование;

8. преквалификација и доквалификација на занаетчиите и на други лица;

9. давање мислења и предлози при донесувањето на прописи од областа на занаетчиството;

10. формирање на суд на честа и

11. врши други работи утврдени со овој закон, како и со статутот на Занаетчиската комора на Република Македонија.

Занаетчиската комора на Република Македонија работи врз основа на донесени одлуки од страна на Управниот одбор, собранието и другите органи на комората.

Член 57

Со Статутот на Занаетчиската комора на Република Македонија се уредува особено:

- остварување на интересите на членовите на комората,

- правата, обврските и одговорностите на членовите,

- постапката за донесување на статутот и другите општи акти,

- работата на органите и телата на Занаетчиската комора на Република Македонија, нивниот делокруг на работа, состав, број на членови, начин на избор и разрешување, односно траење на мандатот,

- начинот на одлучување во органите и телата на Занаетчиската комора на Република Македонија облици на организирање на комората, организација и обврски на стручната служба и директорот на стручната служба,

- застапувањето и претставувањето на Занаетчиската комора на Република Македонија областите и облиците на соработка со останатите комори во Република Македонија и странство и со органите на централната и локалната власт, односно со други организации, сојузи и заедници,

- начин на претставување на делагати на струкови здруженија и нивно учество во работата на управниот одбор при одлучување за прашања поврзани со соодветната занаетчиска дејност која ја претставуваат,

- начин на формирање на струкови здруженија, делокруг на работа, состав, органи, број на членови, начин на избор и разрешување односно траење на мандатот и

- јавност, траспарентност и информации за работата на Занаетчиската комора на Република Македонија изворите и начинот на остварување, собирање, поделба и трошење на средствата потребни за работа на Занаетчиската комора на Република Македонија.

Статутот на Занаетчиската комора на Република Македонија се објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

Член 58

Со Занаетчиската комора на Република Македонија управуваат нејзините членови преку избрани претставници од органите и телата на занаетчиските комори како и од претставници на струковите здруженија организирани на ниво на цела територија на Република Македонија.

Органи на Занаетчиската комора на Република Македонија се собрание, управен одбор, надзорен одбор и претседател.

Член 59

Собранието на Занаетчиската комора на Република Македонија е највисок орган на управување, а го сочинуваат претставници на членовите избрани преку занаетчиските комори и струковите здруженија. Бројот на места во собранието на Занаетчиската комора на Република Македонија се утврдува со статутот.

Собранието на Занаетчиската комора на Република Македонија ги врши следниве работи:

- донесува статут,

- именува и разрешува претседател,

- донесува одлука за висината и начинот на плаќање на коморскиот придонес,

- донесува одлука за висината и начинот на плаќање на јавните овластувања,

- именува и разрешува членови на управен и надзорен одбор,

- одлучува за распишување избори и спроведува избор за органите и телата,

- донесува општи акти за извршување на задачите,

- донесува одлука за основицата и стапките, односно начините и рокови за плаќање на коморскиот придонес и други услуги,

- донесува Деловник за работа на Судот на честа и

- врши и други работи утврдени со овој закон и статутот на Занаетчиската комора на Република Македонија.

Член 60

Управниот одбор на Занаетчиската комора на Република Македонија, ги врши следниве работи:

- ги спроведува одлуките и заклучоците на собранието,

- утврдува предлог статут и други акти од надлежност на собранието,

- предлага одлуки, зазема ставови и дава мислења за прашања од надлежност на собранието,

- донесува Програма за полагање на испит за проверка на знаење,

- именува и разрешува директор на стручната служба на комората,

- врши други работи утврдени со статутот и

- ги носи општите акти за организација и работа на стручната служба.

Член 61

Надзорниот одбор го следи спроведувањето на Статутот и другите општи акти на Занаетчиската комора на Република Македонија, го следи финансиското работење и располагање со средствата на комората и врши други работи утврдени со статутот.

Член 62

Претседателот на Занаетчиската комора на Република Македонија ја претставува и застапува Занаетчиската комора на Република Македонија.

Собранието на Занаетчиската комора на Република Македонија го именува и разрешува претседателот на Занаетчиската комора на Република Македонија.

За претседател на Занаетчиска комора на Република Македонија може да се избира секој регистриран вршител на занаетчиска дејност предложен од страна на занаетчиските комори.

За претседател на Занаетчиска комора на Република Македонија, занаетчиските комори можат да кандидираат повеќе од еден кандидат.

Член 63

Во рамките на Занаетчиската комора на Република Македонија се основа и работи Суд на честа.

Судот на честа одлучува за кршење на добрите деловни обичаи при вршење на занаетчиска дејност, како и за повреда на статутот и другите акти на Занаетчиската комора на Република Македонија.

Член 64

Занаетчиската комора има стручна служба.

Со стручната служба раководи директор.

**Занаетчиска комора**

Член 65

Заради развој и унапредување на занаетчиството на регионално и локално ниво, подобрување на квалитетот на занаетчиските производи и услуги, создавање на кадар за потребите на занаетчиството, заштита, спроведување и унапредување на деловните обичаи во занаетчиството, промоција на занаетчиството на локално ниво, заштита и унапредување на дефицитарните занаетчиски дејности и старите занаети на регионално и локално ниво, како и заради усогласување и застапување на заедничките интереси на регионално и локално ниво, се основаат занаетчиските комори.

Вршителот на занаетчиска дејност станува член на занаетчиската комора со денот на уписот во Занаетчискиот регистар и/или со издавање на занаетчиска дозвола.

Членувањето во занаетчиската комора е задолжително.

Членови на занаетчиската комора се вршители на занаетчиска дејност според подрачјето која занаетчиската комора ја покрива.

Занаетчиската комора е самостојна стручно-деловна организација која врши јавни овластувања согласно со добиеното решение за вршење на јавни овластувања, а делува на определен регион, подрачје на општината, општината во градот Скопје, односно градот Скопје и има својство на правно лице.

Занаетчиската комора има статут со кој се утврдуваат задачите, целите, внатрешната организација и сите други прашања од значење за работата на занаетчиската комора.

Органи на занаетчиската комора се собрание, управен одбор, надзорен одбор и претседател.

Занаетчиската комора може да започне со работа по нејзиниот упис во Централниот регистар и добиеното решение за вршење на јавни овластувања од страна на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

Централниот регистар ја регистрира занаетчиска комора врз основа на барање на иницијативен одбор од најмалку 350 вршители на занаетчиска дејност регистрирани на подрачјето на општината.

Општински занаетчиски комори може да се основаат и во општините кои се покриени од регионалните занаетчиски комори и Занаетчиската комора Скопје.

Општинската занаетчиска комора е должна во рок од 30 дена од денот на регистрирањето да достави барање до Министерството надлежно за работите од областа на занаетчиството за добивање на решение за вршење на јавни овластувања, како и докази дека се исполнети условите од членот 69 став 1 од овој закон.

Регионалната занаетчиска комора е должна во рок од 30 дена од денот на регистрирањето да достави барање до Министерството надлежно за работите од областа на занаетчиството за добивање на решение за вршење на јавни овластувања, како и докази дека се исполнети условите од членот 69 став 1 од овој закон.

Кон барањето за добивање на јавно овластување, општинската занаетчиската комора приложува записник од основачкото собрание, примерок од статутот на комората и одлука за именување на претседател на комората, решение од Централниот регистар и доказ за исполнување на условите за доделување на јавни овластувања согласно член 69 став 1 од овој закон.

Кон барањето за добивање на јавно овластување, регионалната занаетчиска комора приложува решение од Централниот регистар и доказ за исполнување на условите за доделување на јавни овластувања согласно со членот 69 став 1 од овој закон.

Во секоја општина може да се формира само една општинска занаетчиска комора.

Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството јавното овластување од ставовите 11 и 12 на овој член го доделува со решение по предлог на Комисијата за доделување, одземање и контрола за вршење на јавните овластувања во рок од 15 дена од денот на добивањето на комплетно барање.

Доколку барањето од ставовите 11 и 12 на овој член е некомплетно или има невалидни докази министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството ќе донесе решение во рок од 15 дена за одбивање на барањето.

Занаетчиската комора која добила решение за одбивање на барањето го губи својството на правно лице и се брише од Централниот регистар.

Со денот на одземање, односно престанување на вршење на јавното овластување согласно со членот 71 од овој закон уписот во Занаетчискиот регистар го врши најблиската занаетчиската комора во местото каде што се наоѓаат просториите каде што се врши занаетчиската дејност. Доколку занаетчиска дејност се врши без простории уписот во Занаетчискиот регистар го врши најблиската занаетчиската комора која го покрива подрачјето на живеење на невработеното лице.

Формата и содржината на барањето за доделување на јавно овластување го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

Формата и содржината на решението за доделување на јавно овластување како и форма и содржина на решението за одбивање на барањето за доделување на јавни овластувања ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

Член 66

Занаетчиската комора ги врши следниве работи:

- развој и унапредување на занаетчиството во рамките на територијата која ја покрива,
- одржување на обуки за своите членови,
- предлага мерки за спречување на нелојална конкуренција,
- решавање на спорови меѓу своите членови,
- промоција на занаетчиството во рамки на територијата која ја покрива и надвор од неа,
- ги застапува интересите на своите членови пред органите на локалната власт,
- заштита и унапредување на дефицитарните занаетчиски дејности и старите занаети,
- дава предлози за организирање на облици на стручно образование,
- преквалификација и доквалификација на занаетчиите и на други лица и
- други задачи согласно со овој закон и Статутот на занаетчиската комора.

Член 67

Со Статутот на занаетчиската комора се уредува особено:

- остварување на интересите на членовите на комората,
- правата, обврските и одговорностите на членовите,
- постапката за донесување на статутот и другите општи акти,
- работата на органите и телата, нивниот делокруг на работа, состав, број на членови, начин на избор и разрешување, односно траење на мандатот,
- начинот на одлучување во органите и телата на занаетчиската комора облици на организирање на комората, организација и обврски на стручната служба и директорот на стручната служба,
- застапувањето и претставувањето на занаетчиската комора областите и облиците на соработка со останатите комори во Република Македонија,
- начин на формирање на струкови здруженија, делокруг на работа, состав, органи, број на членови, начин на избор и разрешување односно траење на мандатот и
- јавност, траспарентност и информации за работата на комора изворите и начинот на остварување, собирање, поделба и трошење на средствата потребни за работа на занаетчиската комора.

Член 68

Занаетчиската комора може согласно со овој закон, да добие јавни овластувања за извршување на следниве задачи:

- вршење на уписи, промена и бришење во Занаетчискиот регистар во електронска и хартиена форма според постапка определена со овој закон и донесување на одлуки по поднесени барања за упис, промена и бришење и
- издавање и одземање на занаечистка дозвола според постапка определена со овој закон .

Член 69

Јавното овластување на занаетчиската комора може да се додели ако ги исполнува следниве услови:

- има вработено доволен број работници кои се овластени за водење на постапка и други стручни задачи, согласно со овој закон, при што вработениот регистратор е со минимум средно образование,
- има на располагање соодветна информатичка опрема за извршување на задачите од јавното овластување, со која ќе обезбеди внесување и достапност до податоците и од занаетчискиот регистар, и која содржи најмалку еден компјутер, скенер, телефон и интернет приклучок,
- не постојат околности од кои може основано да се заклучи дека јавното овластување нема да го врши согласно со одредбите од овој закон и
- има обезбедено простор за опрема за извршување на задачите од јавното овластување. Обезбедениот простор е најмалку 30 м2 во кој има посебен дел за уписот во Занаетчиски регистар и архивирање на податоците како и дел за прием на странки.

Занаетчиската комора мора да ги исполнува условите од ставот 1 на овој член во текот на целото времетраење на јавното овластување.

Член 70

Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството формира Комисија за доделување, одземање и контрола на вршење на јавните овластувања (во натамошниот текст: Комисијата).

Комисијата има пет члена од кои четири члена од Министерството надлежно за работите од областа на занаетчиството и еден претставник од Занаетчиската комора на Република Македонија.

Членовите на Комисијата имаат мандат од четири години со право на реизбор.

Членовите на Комисијата немат право на надоместок.

Комисијата донесува Деловник за работа.

Член 71

Комисијата ги врши следниве работи:

на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ**

Член 1

Во Законот за договорен залог („Службен весник на Република Македонија“ број 5/2003, 2/2005, 87/2007, 51/11, 74/12, 115/14 и 98/15), во членот 2 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Покрај побарувањата од ставот 1 на овој член со залог се обезбедуваат и побарувањата на иматели на обврзници што ги имаат во однос на издавачот на обезбедените обврзници, издадени во согласност со законот со кој се уредуваат хартиите од вредност.“

Ставот 2 станува став 3.

Во ставот 3 кој станува став 4 зборовите: „ставот 1“ се заменуваат со зборовите: „ставовите 1 и 2“.

Член 2

Во членот 13 по ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„Заложен доверител може да биде и заеднички застапник кој ги застапува интересите на имателите на обезбедените обврзници со недвижен имот, кои имаат побарување од издавачот на обврзници, кој издавач е согласен врз својот недвижен имот да допушти засновање на залог во полза на имателите на обезбедени обврзници или место него тоа да го стори трето лице кое нема таков долг, а е согласно врз неговиот недвижен имот да се заснова право на залог."

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

**L I GJ**
**PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR PENG TË KONTRAKTUAR**

Neni 1

Në Ligjin për peng të kontraktuar ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 5/2003, 2/2005, 87/2007, 51/11, 74/12, 115/14 dhe 98/15) në nenin 2 pas paragrafit 1 shtohet paragraf i ri 2, si vijon:

"Krahas kërkesave nga paragrafi 1 i këtij neni me peng sigurohen edhe kërkesat e poseduesve të obligacioneve që i kanë lidhur me emetuesin e obligacioneve të siguruara, të emetuara në pajtim me ligjin me të cilin rregullohen letrat me vlerë."

Paragrafi 2 bëhet paragraf 3.

Në paragrafin 3 i cili bëhet paragrafi 4 fjalët: “paragrafi 1“ zëvendësohen me fjalët: “paragrafët 1 dhe 2".

Neni 2

Në nenin 13 pas paragrafit 3 shtohet paragraf i ri 4, si vijon:

"Kreditor i pengut mund të jetë edhe përfaqësues i përbashkët i cili i përfaqëson interesat e poseduesve të obligacioneve të siguruara me pronë të patundshme, të cilët kanë kërkesë nga emetuesi i obligacioneve, emetuesi i të cilave pajtohet mbi pronën e tij të patundshme të lëshojë themelim të pengut në dobi të poseduesve të obligacioneve të siguruara ose në vend tij ta kryej person i tretë i cili nuk ka borxh të tillë, dhe pajtohet që mbi pronën e tij të patundshme të themelohet e drejtë e pengut."

Neni 3

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**5924.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОДАЖБА НА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за продажба на земјоделското земјиште во државна сопственост,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 1 декември 2015 година.

Бр. 08-5634 /1
1 декември 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорѓе Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОДАЖБА НА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ**

Член 1

Во Законот за продажба на земјоделското земјиште во државна сопственост ("Службен весник на Република Македонија" број 87/13, 106/13, 37/13, 61/15 и 97/15), во членот 4 став (1) по зборовите: "трстици и рибници во државна сопственост," се додаваат зборовите: "нива под оранжерии, нива под помошни објекти, нива под објект за примарна обработка на земјоделски производи,".

По ставот (1) се додаваат два нови става (2) и (3), кои гласат:

"(2) Земјоделско земјиште во државна сопственост, во смисла на овој закон е земјиште во државна сопственост определено како технолошка целина на оранжеријата евидентирано во катастарот на недвижности како нива под оранжерии, нива под помошни објекти, нива под објекти за примарна обработка на земјоделски производи и земјиште меѓу објекти со мери и граници определени со геодетски елаборат.

(3) Земјоделско земјиште во државна сопственост, во смисла на овој закон е и земјиште во државна сопственост определено како технолошка целина на стопански двор евидентирано во катастарот на недвижности како нива под помошни објекти, нива под објекти за примарна обработка на земјоделски производи и земјиште меѓу објекти со мери и граници определени со геодетски елаборат."

Ставот (2) станува став (4).

Член 2

По членот 22 се додаваат три нови члена 22-а, 22-б и 22-в, кои гласат:

"Член 22-а

(1) Земјоделското земјиште во државна сопственост од членот 4 ставови (2) и (3) од овој закон може да биде предмет на продажба согласно со овој закон.

(2) Продажбата на земјоделското земјиште се врши по пат на непосредна спогодба со склучување на договор за продажба меѓу министерот и сопственикот на оранжеријата и помошните објекти во функција на оранжеријата, односно со сопственикот на објектите во стопанскиот двор.

(3) Земјоделското земјиште од членот 4 ставови (2) и (3) од овој закон се продава по пазарна вредност утврдена согласно со Методологијата за процена на пазарната вредност на земјоделското земјиште во државна сопственост под оранжерии и објекти кои се во функција на земјоделското производство, која ја донесува Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството.

(4) Процената на пазарната вредност на земјоделското земјиште согласно со методологијата од ставот (3) на овој член ја врши Бирото за судски вештачења.

Член 22-б

(1) Министерството распишува јавен повик за доставување на понуди за интерес за купување на земјоделското земјиште од страна на сопственикот на оранжеријата и помошните објекти во функција на оранжеријата, односно на објектите во стопанскиот двор најмногу до три пати во текот на годината.

(2) Јавниот повик се објавува во најмалку три дневни весници кои се издаваат во Република Македонија од кои еден од весниците што се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат различно од македонскиот јазик.

(3) Јавниот повик од ставот (3) на овој член ги содржи следниве податоци:

- право на учество на јавниот повик за доставување на понуди,
- потребна документација и
- рокот за доставување на понудите.

(4) Право на учество на јавниот повик и доставување на понуди за интерес за купување имаат сопствениците на оранжериите и помошните објекти во функција на оранжериите, односно сопствениците на објектите во стопанскиот двор.

(5) Во прилог на понудата за интерес за купување се доставува следнава документација:

- доказ за стекнато право на сопственост со оранжерии и помошни објекти во функција на оранжериите, односно со објектите во стопанскиот двор,
- имотен лист за запишано право на сопственост на оранжериите и помошните објекти во функција на оранжеријата, односно на објектите во стопанскиот двор,
- тековна состојба од Централен регистар на Република Македонија за правни лица или копија од лична карта за физички лица,
- геодетски елаборат со мери и граници за земјоделското земјиште определено како технолошка целина на оранжеријата, односно стопанскиот двор,
- имотен лист за земјоделското земјиште за кое се доставува понудата за интерес за купување,
- процена на пазарна вредност на земјоделското земјиште предмет на понудата изготвена согласно со Методологијата за процена на пазарната вредност на земјоделското земјиште во државна сопственост под оранжерии и објекти кои се во функција на земјоделското производство и
- изјава нотарски заверена дека земјоделското земјиште во државна сопственост предмет на понудата ќе го користи за земјоделско производство без промена на неговата намена и промена на функционалноста на целината во период најмалку од 30 години сметано од денот на склучувањето на договор за продажба.

(6) Рокот за доставување на понуди за интерес изнесува 60 дена од денот на објавувањето на јавниот повик.

Член 22-в

(1) Постапката по јавниот повик од членот 22-б од овој закон ја спроведува Комисија формирана согласно со членот 13 од овој закон.

(2) Комисијата врши прием на доставените понуди од подносителите за учество на јавниот повик и врши проверка на комплетноста на доставената документа-

ција и во рок од 15 дена од денот на истекот на рокот од членот 22-б став (6) од овој закон, изготвува листа на понудувачи.

(3) Доколку Комисијата при разгледување на понудите утврди дека подносителот не ја доставил потребната документација писмено го известува во рок од 15 дена за дополнување на истата.

(4) Во случај кога подносителот во рокот од ставот (3) на овој член не ја дополни понудата, Комисијата ја отфрла како некомплетна и ќе се смета како да не била доставена понуда за интерес.

(5) Комисијата во рок од 30 дена по завршување на постапката по јавниот повик до министерот доставува листа на понудувачи кои ги исполниле условите.

(6) Министерот во рок од 30 дена од денот на доставување на листата од ставот (5) на овој член со понудувачот од листата од ставот (5) на овој член по претходна согласност на Владата на Република Македонија склучува договор за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост.

(7) Договорот за продажба од ставот (6) на овој член ги содржи податоците утврдени во членот 20 од овој закон.

(8) Плаќањето на продажната цена за земјоделското земјиште за кое е склучен договор за продажба согласно со ставот (6) на овој член се врши согласно со членот 18 од овој закон.

(9) Со склучување на договорот за продажба согласно со ставот (6) на овој член договорот за закуп кој претходно бил склучен меѓу Министерството и сопственикот на оранжеријата и помошните објекти во функција на оранжеријата, односно на објектите во стопанскиот двор престанува да важи.

(10) Купувачот на земјоделското земјиште во државна сопственост е должен во период најмалку од 30 години сметано од денот на склучувањето на договор за продажба, земјоделското земјиште да го користи за земјоделско производство без промена на неговата намена и промена на функционалната целина на земјиштето, во спротивно договорот за продажба ќе биде раскинат, а земјоделското земјиште вратено во сопственост на Република Македонија без надоместок.

(11) Доколку сопственикот на објектите изградени на земјиштето од членот 4 ставови (2) и (3) од овој закон, не достави понуда за интерес на јавниот повик во рокот од 60 дена од денот на распишувањето на јавниот повик, односно во рокот од 30 дена не склучи договор за продажба на земјоделското земјиште, е должен за користењето на земјоделското земјиште во државна сопственост да плаќа надоместок утврден согласно со Законот за земјоделското земјиште се додека не го купи земјоделското земјиште.“

Член 3

Методологијата за процена на пазарната вредност на земјоделското земјиште во државна сопственост од членот 22-а став (3) утврден во членот 2 од овој закон ќе се донесе во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

---

## L I G J
## PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR SHITJE TË TOKËS BUJQËSORE NË PRONËSI SHTETËRORE

Neni 1

Në Ligjin për shitje të tokës bujqësore në pronësi shtetërore (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 87/13, 106/13, 137/13, 61/15 dhe 97/15) në nenin 4 paragrafi (1) pas fjalëve: “kallamishte dhe basene për peshq në pronësi shtetërore," shtohen fjalët: “fusha nën oranzheri, fusha nën objekte ndihmëse, fusha nën objekt për përpunim primar të prodhimeve bujqësore,".

Pas paragrafit (1) shtohen dy paragrafë të rinj (2) dhe (3) si vijojnë:

"(2) Tokë bujqësore në pronësi shtetërore, në kuptim të këtij ligji, është tokë në pronësi shtetërore e përcaktuar si tërësi teknologjike e oranzherisë e evidentuar në kadastrën e patundshmërive si fushë nën oranzheri, fushë nën objekte ndihmëse, fushë nën objekte për përpunim primar të prodhimeve bujqësore dhe toka ndërmjet objekteve me matje dhe kufij të përcaktuar me elaborat gjeodezik.

(3) Tokë bujqësorë në pronësi shtetërore, në kuptimin e këtij ligji është edhe toka në pronësi shtetërore e përcaktuar si tërësi teknologjike në oborr afarist e evidentuar në kadastrën e patundshmërive si fushë nën objekte ndihmëse, fushë nën objekte për përpunim primar të prodhimeve bujqësore dhe tokë ndërmjet objekteve me matje dhe kufij të përcaktuar me elaborat gjeodezik."

Paragrafi (2) bëhet paragraf (4).

Neni 2

Pas nenit 22 shtohen tre nene të reja 22-a, 22-b dhe 22-v, si vijojnë:

"Neni 22-a

(1) Toka bujqësore në pronësi shtetërore nga neni 4 paragrafët (2) dhe (3) të këtij ligji mund të jetë lëndë e shitjes në pajtim me këtë ligj.

(2) Shitja e tokës bujqësore kryhet me anë të marrëveshjes së drejtpërdrejtë me lidhjen e marrëveshjes për shitje ndërmjet ministrit dhe pronarit të oranzherisë dhe objekteve ndihmëse në funksion të oranzherisë respektivisht me pronarin e objekteve në oborrin afarist.

(3) Toka bujqësore nga neni 4 paragrafët (2) dhe (3) të këtij ligji shitet me vlerë tregu të përcaktuar në pajtim me Metodologjinë për vlerësimin e vlerës tregtare të tokës bujqësore në pronësi shtetërore nën oranzheri dhe objekte të cilat janë në funksion të prodhimtarisë bujqësore, që e miraton Qeveria e Republikës së Maqedonisë, me propozim të Ministrisë.

(4) Përcaktimin e vlerës tregtare të tokës bujqësore në pajtim me metodologjinë nga paragrafi (3) i këtij neni e kryen Byroja për Ekspertiza Gjyqësore.

Neni 22-b

(1) Ministria shpall thirrje publike për dorëzimin e ofertave për interes për blerjen e tokës bujqësore nga ana e pronarit të oranzherisë dhe objekteve ndihmëse në funksion të oranzherisë respektivisht të objekteve në oborrin afarist më së shumti tre herë gjatë vitit.

(2) Thirrja publike shpallet së paku në tre gazeta ditore të cilat botohen në Republikën e Maqedonisë prej të cilave njërën nga gazetat që lëshohet në gjuhën që e flasin të paktën 20% të qytetarëve të cilët flasin gjuhë të ndryshme nga gjuha maqedonase.

(3) Thirrja publike nga paragrafi (3) i këtij neni i përmban këto të dhëna:

- të drejtë për pjesëmarrje në thirrjen publike për dorëzimin e ofertave;
- dokumentacionin e nevojshëm dhe
- afatin e dorëzimit të ofertave.

(4) Të drejtë për pjesëmarrje në thirrjen publike dhe dorëzim të ofertave për interes për blerje kanë pronarët e oranzherive dhe objekteve ndihmëse në funksion të oranzherive respektivisht pronarët e objekteve në oborrin afarist.

(5) Në shtojcë të ofertës për interes për blerje dorëzohet dokumentacioni në vijim:

- dëshmi për fitimin e të drejtës së pronarit me oranzheri dhe objekte ndihmëse në funksion të oranzherive respektivisht me objektet në oborrin afarist,

- aktzotërim për të drejtë të regjistruar të pronësisë të oranzherive dhe objekteve ndihmëse në funksion të oranzherisë respektivisht të objekteve në oborrin afarist,
- gjendja rrjedhëse nga Regjistri Qendror i Republikës së Maqedonisë për personat juridikë ose kopje të letërnjoftimit për personat fizikë,
- elaborat gjeodezik me matje dhe kufij për tokë bujqësore të përcaktuar si tërësi teknologjike e oranzherisë respektivisht oborrit afarist,
- aktzotërim për tokën bujqësore për të cilën dorëzohet ofertë për interes për blerje,
- përcaktim të vlerës tregtare të tokës bujqësore lëndë e ofertës e përgatitur në pajtim me Metodologjinë për vlerësimin e vlerës tregtare të tokës bujqësore në pronësi shtetërore nën oranzheri dhe objekte të cilat janë në funksion të prodhimtarisë bujqësore dhe
- deklaratë e verifikuar në noter se tokën bujqësore në pronësi shtetërore lëndë e ofertës do ta shfrytëzojë si prodhimtari bujqësore pa ndryshim të dedikimit të saj dhe ndryshim të funksionalitetit të tërësisë në periudhë së paku prej 30 vitesh llogaritur nga dita e lidhjes së marrëveshjes për shitje.

(6) Afati për dorëzimin e ofertave për interes është 60 ditë nga dita e shpalljes së thirrjes publike.

Neni 22-v

(1) Procedurën për thirrje publike nga neni 22-b nga ky ligj e zbaton Komisioni i formuar në pajtim me nenin 13 të këtij ligji.

(2) Komisioni kryen pranim të ofertave të dorëzuara nga parashtruesit për pjesëmarrje të thirrjes publike dhe kryen kontroll të kompletimit të dokumentacionit të dorëzuar dhe në afat prej 15 ditësh nga dita e skadimit të afatit nga neni 22-b paragrafi (6) të këtij ligji përpilon listë të ofertuesve.

(3) Nëse Komisioni gjatë shqyrtimit të ofertave përcakton se parashtruesi nuk e ka dorëzuar dokumentacionin e nevojshëm me shkrim e njofton në afat prej 15 ditësh për plotësimin e të njëjtit.

(4) Në rastet kur parashtruesi në afatin nga paragrafi (3) i këtij neni nuk e plotëson ofertën Komisioni e hedh si të pa kompletuar dhe do të llogaritet sikur të mos jetë dorëzuar ofertë për interes.

(5) Komisioni në afat prej 30 ditësh pas përfundimit të procedurës me thirrje publike te ministri dorëzon listë të ofertuesve të cilët i plotësojnë kushtet.

(6) Ministri në afat prej 30 ditësh nga dita e dorëzimit të listës nga paragrafi (5) i këtij neni me ofertuesin e listës nga paragrafi (5) i këtij neni me pëlqim paraprak të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë lidh marrëveshje për shitjen e tokës bujqësore në pronësi shtetërore.

(7) Marrëveshja për shitje nga paragrafi (6) i këtij neni i përmban të dhënat e përcaktuara në nenin 20 të këtij ligji.

(8) Pagesa e çmimit shitës për tokën bujqësore për të cilën është lidhur marrëveshje për shitje në pajtim me paragrafin (6) të këtij ligji bëhet në pajtim me nenin 18 të këtij ligji.

(9) Me lidhjen e marrëveshjes për shitje në pajtim me paragrafin (6) nga ky nen marrëveshja për qira që paraprakisht është lidhur ndërmjet Ministrisë dhe pronarit të oranzherisë dhe objekteve ndihmëse në funksion të oranzherisë respektivisht të objekteve në oborrin afarist shfuqizohet.

(10) Blerësi i tokës bujqësore në pronësi shtetërore është i obliguar në periudhë prej së paku 30 vite duke llogaritur nga dita e lidhjes së marrëveshjes për shitje, tokën bujqësore ta shfrytëzojë për prodhimtari bujqësore pa ndryshim të dedikimit të saj dhe pa ndryshim të tërësisë funksionale të tokës, në të kundërtën marrëveshja për shitje do të prishet, ndërsa toka bujqësore kthehet në pronësi të Republikës së Maqedonisë pa kompensim.

(11) Nëse pronari i objekteve të ndërtuara në tokën bujqësore nga neni 4 paragrafët (2) dhe (3) të këtij ligji, nuk dorëzon ofertë për interes të thirrjes publike në afat prej 60 ditësh nga dita e shpalljes së thirrjes publike respektivisht në afat prej 30 ditësh nuk lidh marrëveshje për shitjen e tokës bujqësore është i obliguar për shfrytëzimin e tokës bujqësore në pronësi shtetërore të paguajë kompensim të përcaktuar në pajtim me Ligjin për tokë bujqësore deri sa nuk e blen tokën bujqësore."

Neni 3

Metodologjia për përcaktimin e vlerës tregtare të tokës bujqësore në pronësi shtetërore nga neni 22-a paragrafi (3) e përcaktuar në nenin 2 të këtij ligji do të miratohet në afat prej 60 ditësh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 4

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**5925.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ЗЕМЈИШТЕ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за земјоделското земјиште,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 1 декември 2015 година.

Бр. 08-5635 /1
1 декември 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Горге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ЗЕМЈИШТЕ**

Член 1

Во Законот за земјоделското земјиште ("Службен весник на Република Македонија" број 135/2007, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15 и 154/15), во членот 25-б став 4 по зборот "Повикот" се додаваат зборовите: "за земјоделско земјиште над 3 хектари".

По ставот 4 се додава нов став 5, кој гласи:

"Повикот за прибирање на понуди за земјоделско земјиште до 3 хектари ги содржи елементите од ставот 4 алинеи 1, 2, 3, 4, 7, 8, 9 и 10 на овој член".

Ставовите 5, 6, 7, 8 и 9 стануваат ставови 6, 7, 8, 9 и 10.

Член 2

Во членот 27 став 1 зборовите: „видот на планираното производство" се бришат.

Член 3

Во членот 28 став 1 бројот „15" се заменува со бројот „45".

Член 4

Во членот 37 став 1 алинеја 9 сврзникот „и" на крајот на реченицата се брише и се заменува со точка запирака.

Во алинејата 10 точката на крајот на реченицата се брише и се додава сврзникот „и“ и се додава нова алинеја 11, која гласи:

„-доколку за земјоделското земјиште е склучен договор за продажба согласно со Законот за продажба на земјоделското земјиште во државна сопственост.“

Член 5

Во членот 38 став 1 по зборовите: „државно образовни институции од областа на земјоделството“ се додаваат зборовите: „и за училишта за средно образование основани од општината и градот Скопје од областа на земјоделството, како“.

По ставот 8 се додаваат три нови става 9, 10 и 11, кои гласат:

„Големината на површината која согласно со ставовите 1 и 2 на овој член може да се додели на една јавна научна и државна образовна институција од областа на земјоделството се определува во зависност од бројот на студенти кои треба да изведуваат практична настава на земјоделското земјиште, бројот и видот на научно истражувачки активности кои се извршуваат, бројот и видот на сточен фонд со кој располага наменети за потребите на научно истражувачките и образовни активности и квалитетот на земјиштето.

Големината на површината која согласно со ставовите 1 и 2 на овој член може да се додели на едно училиште за средно образование основано од општината или градот Скопје од областа на земјоделството се определува во зависност од бројот на ученици кои извршуваат практична настава на земјоделското земјиште, бројот и видот на сточен фонд со кој располага наменети за потребите на образовниот процес, број и вид на наставните профили во училиштето, местоположбата на училиштето и квалитетот на земјиштето.

Критериумите од ставовите 9 и 10 на овој член поблиску ги пропишува Владата на Република Македонија на предлог на министерот.“

Член 6

Во членот 39 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Закупецот барањето од ставот 1 на овој член може да го поднесе до Министерството во рок од шест месеци пред истекот на времетраењето на договорот за закуп.“

Ставот 2 станува став 3.

Член 7

Во членот 18 став 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ број 72/15) зборовите: „од 30 дена“ се заменува со зборовите: „шест месеци“.

Член 8

Подзаконскиот пропис предвиден во овој закон ќе се донесе во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 9

Започнатите постапки за давање под закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост по пат на јавен оглас за површини до 3 хектари и јавен повик со прибирање на понуди до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе завршат согласно со одредбите од овој закон.

Член 10

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**L I GJ**
**PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR TOKË BUJQËSORE**

Neni 1

Në Ligjin për tokë bujqësore ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 135/2007, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15 и 154/15), në nenin 25-b paragrafin 4 pas fjalës "thirrja" shtohen fjalët: "për tokë bujqësore mbi 3 hektarë".

Pas paragrafit 4 shtohet paragraf i ri 5 si vijon:

"Thirrja për grumbullimin e ofertave për tokë bujqësore deri në 3 hektarë i përmban elementet nga paragrafi 4 alinetë 1, 2, 3, 4, 7, 8, 9 dhe 10 të këtij neni".

Paragrafët 5, 6, 7, 8 dhe 9 bëhen paragrafë 6, 7, 8, 9 dhe 10.

Neni 2

Në nenin 27 paragrafin 1 fjalët: "lloji i prodhimit të planifikuar" shlyhen.

Neni 3

Në nenin 28 paragrafin 1 numri "15“ zëvendësohet me numrin „45“.

Neni 4

Në nenin 37 paragrafin 1 në alinenë 9 lidhëza "dhe" në fund të fjalisë shlyhet dhe zëvendësohet me pikëpresje.

Në alinenë 10 pika në fund të fjalisë shlyhet dhe shtohet lidhëza "dhe" dhe shtohet aline e re 11 si vijon:

"-nëse për tokën bujqësore është lidhur marrëveshje për shitje në pajtim me Ligjin për shitje të tokës bujqësore në pronësi shtetërore."

Neni 5

Në nenin 38 paragrafin 1 pas fjalëve: “institucione shtetërore arsimore nga sfera e bujqësisë” shtohen fjalët:”dhe për shkollat e mesme të themeluara nga komuna dhe qyteti i Shkupit nga sfera e bujqësisë, si”.

Pas paragrafit 8 shtohen tre paragrafë të rinj 9,10 dhe 11 si vijon:

“Madhësia e sipërfaqeve e cila në pajtim me paragrafët 1 dhe 2 të këtij neni mund t’i ndahet një institucioni publik shkencor dhe arsimor shkencor nga sfera e bujqësisë përcaktohet në varësi të numrit të studentëve të cilët duhet të realizojnë mësim praktik në tokën bujqësore, numri dhe lloji i aktiviteteve shkencore hulumtuese të cilat kryhen, numri dhe lloji i fondit blegtoral me të cilin disponon të dedikuara për nevojat e aktiviteteve hulumtuese shkencore dhe arsimore dhe cilësia e tokës.

Madhësia e sipërfaqes e cila në pajtim me paragrafët 1 dhe 2 të këtij neni mund t’i ndahet një shkolle të mesme të themeluar nga komuna ose qyteti i Shkupit nga sfera e bujqësisë përcaktohet në varësi të numrit të nxënësve të cilët realizojnë mësim praktik në tokë bujqësore, numri dhe lloji i fondit blegtoral me të cilin disponon të dedikuara për nevojat e procesit arsimor, numri dhe lloji i profileve arsimore në shkollë, vendndodhja e shkollës dhe cilësia e tokës.

Kriteret nga paragrafët 9 dhe 10 të këtij neni më afër i përcakton Qeveria e Republikës së Maqedonisë me propozim të ministrit.”

Neni 6

Në nenin 39 pas paragrafit 1 shtohet paragraf i ri 2, si vijon:

“Qiramarrësi kërkesën nga paragrafi 1 i këtij neni mund ta paraqesë te Ministria në afat prej gjashtë muajsh para skadimit të kohëzgjatjes së marrëveshjes për qira.”

Paragrafi 2 bëhet paragraf 3.

Neni 7

Në nenin 18 paragrafin 4 të Ligjit për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit për tokë bujqësore ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 72/15), fjalët: "nga 30 ditë" zëvendësohen me fjalët: "gjashtë muaj".

Neni 8

Akti nënligjor i parashikuar më këtë ligj do të miratohet në afat prej 60 ditësh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 9

Procedurat e filluara për dhënien me qira të tokës bujqësorë në pronë shtetërore me anë të shpalljes publike për sipërfaqe deri në 3 hektarë dhe thirrjes publike me grumbullimin e ofertave deri në ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji, do të përfundojnë në pajtim me dispozitat e këtij ligji.

Neni 10

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**5926.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПАСИШТАТА**

Се прогласува Законот за изменување на Законот за пасиштата,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 1 декември 2015 година.

Бр. 08-5636 /1
1 декември 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПАСИШТАТА**

Член 1

Во Законот за пасиштата („Службен весник на Република Македонија" број 3/98, 101/2000, 89/2008, 105/2009, 42/10, 116/10 и 164/13), во членот 8 став (4) зборовите: "45 дена" се заменуваат со зборовите: "шест месеци".

Во ставот (5) зборовите: "7 став 2" се заменуваат со зборовите: "7-а став 3".

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

**L I GJ**
**PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR KULLOSA**

Neni 1

Në Ligjin për kullosa ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 3/98, 101/2000, 89/2008, 105/2009, 42/10, 116/10 dhe 164/13 ) në nenin 8 paragrafi (4) fjalët: "45 ditë" zëvendësohen me fjalët: "gjashtë muaj".

Në paragrafin (5) fjalët: "7 paragrafi 2" zëvendësohen me fjalët: "7-a paragrafi 3".

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**5927.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОДБРАНА**

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за одбрана,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 1 декември 2015 година.

Бр. 08-5637/1
1 декември 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОДБРАНА**

Член 1

Во Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија" број 42/2001, 5/2003, 58/2006, 110/2008, 51/11, 151/11 и 185/11), во членот 20 став 1 се додава нова точка 52, кој гласи:

„52) го организира и спроведува станбеното обезбедување на активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата".

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

**L I GJ**
**PËR PLOTËSIMIN I LIGJIT PËR MBROJTJE**

Neni 1

Në Ligjin për mbrojtje ( "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 42/2001, 5/2003, 58/2006, 110/2008, 51/11, 151/11 dhe 185/11) në nenin 20 paragrafi 1 shtohet pika e re 52, si vijon:

"52) e organizon dhe realizon sigurimin e banesës të personelit aktiv dhe civil ushtarak në shërbim në Armatë".

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare në Republikën e Maqedonisë".

---

**5928.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за рамномерен регионален развој,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 1 декември 2015 година.

Бр. 08-5638/1
1 декември 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ**

Член 1

Во Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Македонија“ број 63/2007, 187/13 и 43/14), во членот 2 точката 1. се менува и гласи:

„1. Рамномерен регионален развој е процес на идентификување, поттикнување, управување и искористување на развојните потенцијали на планските региони и подрачјата со специфични развојни потреби заради намалување на диспаритетите во степенот на развој во и меѓу планските региони;“.

Член 2

Во членот 17 пред зборот „Советот“ се додава бројот „(1)“.

Во алинејата 2 зборовите: „ја утврдува“ се заменуваат со зборовите: „дава мислење по“.

По алинејата 2 се додаваат две нови алинеи 3 и 4, кои гласат:

„- го утврдува предлог Акциониот план за спроведување на Стратегијата,

- дава мислење по програми финансирани од Буџетот на Република Македонија кои што се од значење за рамномерниот регионален развој“.

Во алинејата 8 зборот „извештаите“ се заменува со зборовите: „годишниот извештај“.

По ставот (1) се додаваат два нови става (2) и (3), кои гласат:

„(2) Мислењата по програмите од ставот (1) алинеја 4 на овој член се даваат најдоцна до крајот на првото тромесечје од годината за која програмата е донесена, за едногодишни програми, односно најдоцна до крајот на првото тромесечје од првата година на која се однесува на програмата, за повеќегодишни програми.

(3) Мислењата од ставот (2) на овој член Министерството за локална самоуправа ги доставува на разгледување до Владата на Република Македонија, во рок од 15 дена од денот на одржување на седницата на Советот на која е дадено мислењето.“

Член 3

Во членот 18 став (3) алинеја 1 се менува и гласи:

„- изготвува предлог Стратегија за регионален развој на Република Македонија,“.

Во алинејата 3 зборот „извештаи“ се заменува со зборовите: „годишен извештај“.

По алинејата 3 се додаваат девет нови алинеи 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11 и 12, кои гласат:

„-изготвува предлог Акционен план за спроведување на Стратегијата, се грижи за негова имплементација и презема активности за следење на неговата реализација,

- изготвува аналитичко-документациона основа за изготвување на стратешките и оперативните плански документи за регионален развој,

- изготвува предлог-одлука за критериумите и индикаторите за идентификување на подрачјата со специфични развојни потреби,

- изготвува предлог-листа на подрачјата со специфични развојни потреби,

- изготвува предлог-одлука за критериуми за степенот на развиеност на единиците на локалната самоуправа и на планските региони,

- изготвува предлог-одлука за класификација на единиците на локалната самоуправа и планските региони според степенот на развиеност,

- дава стручна помош на центрите за развој на планските региони при подготовка на програмите за развој на планските региони,

- ги поддржува активностите на центрите за развој на планските региони за поттикнување на конкурентност на планскиот регион и

- ја оценува усогласеноста на програмите за развој на планските региони со Стратегијата,“.

Член 4

По членот 18 се додава нов член 18-а, кој гласи:

„Член 18-а

(1) Министерството за локална самоуправа води евиденција на развојните потенцијали на општините и на планските региони, од значење за регионален развој.

(2) Начинот на водење и формата и содржината на евиденцијата од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за локална самоуправа.“

Член 5

Во членот 19 став (6) се менува и гласи:

„(6) На седниците на советот за развој на планскиот регион задолжително се поканува претставници од бизнис секторот, високообразовни институции и здруженија од планскиот регион во зависност од областа која ја покриваат.“

По ставот (6) се додава нов став (7), кој гласи:

„(7) Во работата на советот за развој на планскиот регион можат да учествуваат и стручни лица од областа на регионален развој.“

Член 6

Во членот 20 став (1) алинеја 6 зборовите: „на граѓани“ се бришат.

Во ставот (2) по зборот „усвојува“ се додаваат зборовите: „и доставува до Министерството за локална самоуправа“.

Член 7

Членот 23 се менува и гласи:

„Бирото ги врши следниве работи:

- врши прием, евиденција и обработка на поднесените проекти за поттикнување на рамномерниот регионален развој,

- организира, спроведува и координира теренски посети и дава мислење на потребата од реализација на проектите од членот 29 став 2 од овој закон,

- дава стручна поддршка на центрите за развој на планските региони и единиците на локалната самоуправа при реализација на проектите од членот 29 став 2 од овој закон,

- го следи користењето на доделените средства за проекти за регионален развој преку Програмата за рамномерен регионален развој и изготвува годишен извештај за реализацијата на проектите,

- воспоставува и се грижи за одржување на мониторинг информациски систем за спроведувањето на проектите од членот 29 став 2 од овој закон,

- учествува во подготовка на аналитичко-документациона основа за изготвување на стратешките и оперативните плански документи за регионален развој,
- дава стручна помош на центрите за развој на планските региони во вршење на активности поврзани со регионалниот развој и
- врши други работи од областа на р егионалниот развој утврдени со закон.“

Член 8

Во членот 24 по ставот (6) се додаваат два нови става (7) и (8), кои гласат:

„(7) Центарот за развој на планскиот регион има раководител, кој се избира по пат на јавен конкурс.

(8) Раководителот на центарот за развој на планскиот регион го избира советот за развој на планскиот регион за период од четири години.“

Член 9

Членот 25 се менува и гласи:

„Центарот за развој на планскиот регион спроведува активности и реализира задачи поврзани со развојните приоритети на планскиот регион, и тоа:
- изготвува предлог-програма за развој на планскиот регион,
- изготвува предлог-акционен план за имплементација на Програмата за развој на планскиот регион,
- изготвува проекти за развој на планскиот регион,
- ги координира активностите поврзани со имплементацијата на Програмата за развој на планскиот регион,
- ги реализира проектите за развој на планскиот регион,
- изготвува годишен извештај за спроведувањето на Програмата за развој на планскиот регион,
- обезбедува информации до заинтересираните страни за текот на реализацијата на Програмата за развој на планскиот регион и други прашања поврзани со регионалниот развој,
- обезбедува стручна и техничка помош за единиците на локалната самоуправа при подготовката на нивните програми за развој,
- обезбедува стручни услуги на здруженија и други заинтересирани страни за подготовка на проекти од областа на регионалниот развој,
- ја поттикнува меѓуопштинската соработка во рамките на планскиот регион,
- изготвува, поднесува апликации и спроведува проекти за поттикнување на развојот на планскиот регион, финансирани од фондовите на Европската унија и други меѓународни извори,
- врши промоција на развојните можности на планскиот регион,
- реализира активности за поттикнување на конкурентноста преку активна поддршка на приватниот сектор,
- врши стручни и административно-технички работи за потребите на советот за развој на планскиот регион,
- изготвува и реализира проекти и договорени задачи и услуги за министерства и други државни институции и
- врши и други активности за поттикнување на развојот на планскиот регион.“

Член 10

Членот 26 се менува и гласи:

„(1) Активностите и задачите на центарот за развој на планскиот регион за тековната година, кои произлегуваат од развојните приоритети на планскиот регион ги одобрува советот за развој на планскиот регион по предлог на Министерството за локална самоуправа.

(2) Активностите и задачите на центарот за развој на планскиот регион за тековната година се утврдуваат со договор за соработка за тековната година, склучен меѓу Министерството за локална самоуправа и единиците на локалната самоуправа од планскиот регион, основачи на центарот.

(3) Договорот од став (2) на овој член содржи конкретни активности поврзани со развојните приоритети на регионот и конкретни услуги за општините во регионот во тековната година, износ и начин на исплата на средствата за реализација на утврдените активности и задачи (услуги), начин и рокови за реализација на утврдените активности и задачи (услуги) и начин на постапување во случај на делумно или целосно неисполнување на договорените обврски.

(4) Средствата за реализацијата на активностите утврдени во договорот од став (2) на овој член, на годишно ниво се обезбедуваат од Министерството за локална самоуправа во висина од 1.200.000 денари и од единиците на локалната самоуправа од планскиот регион, основачи на центарот според број на жители, во висина од најмалку 1.200.000 денари.

(5) Активностите од членот 25 став (1) алинеја 15 од овој закон, центарот за развој на планскиот регион ги реализира врз основа на посебен договор за соработка склучен со нарачателот, а врз основа на претходно обезбедено позитивно мислење од Министерството за локална самоуправа и претходно обезбедена согласност од Советот за развој на планскиот регион.

(6) Договорот од ставот (5) на овој член ги содржи податоците за секој проект, делегирана задача за имплементација или услуга која ќе биде обезбедена од страна на центарот за развој на планскиот регион, како и за средствата кои треба да бидат исплатени на центарот за развој на планскиот регион за реализација на проектите и договорените задачи и услуги.“

Член 11

По членот 26 се додава нов член 26-а, кој гласи:

„Член 26-а

(1) Центарот за развој на планскиот регион поднесува годишен извештај за своето работење до советот за развој на планскиот регион и советите на единиците на локалната самоуправа.

(2) Центарот за развој на планскиот регион, годишниот извештај, од ставот (1) на овој член, по усвојувањето од советот за развој на планскиот регион и советите на единиците на локалната самоуправа, го доставува до Министерството за локална самоуправа до крајот на првото тромесечје во наредната година.“

Член 12

Во членот 27 по ставот (4) се додаваат два нови става (5) и (6), кои гласат:

„(5) Средствата од ставот (1) алинеја 1 на овој член можат да се поврзуваат со средства од донации и спонзорства од физички и правни лица во функција на спроведување програма или проект за поттикнување на рамномерен регионален развој.

(6) Средствата од ставот (5) на овој член се распределуваат и доделуваат согласно со одредбите од овој закон и условите од договорот за донација, односно спонзорство.“

Член 13

Во членот 29 став (1) зборовите: „ги распределува“ се заменуваат со зборовите: „се распределуваат со одлука на“.

Член 14

Во членот 30 став (3) по зборовите: „ на развиеност“ се додаваат зборовите: “на единиците на локалната самоуправа и“.

Член 15

Членот 33 се менува и гласи:

„Одлуката за распоределба на средствата од членот 29 став (2) од овој закон ја спроведува Бирото за регионален развој.“

Член 16

Членот 33-а се брише.

Член 17

Членот 34 се менува и гласи:

„(1) За користење на средства за финансирање на проекти за развој на планскиот регион, советот за развој на планскиот регион утврдува годишна листа на проекти за развој на планскиот регион, согласно со приоритетите во Програмата за развој на планскиот регион.

(2) Проектите за развој на планскиот регион за кои се бара финансирање во наредната година ги изготвува центарот за развој на планскиот регион.

(3) При изготвување на проектот за развој на планскиот регион се планираат и средства за менаџирање на проектот.

(4) За менаџирање на проектите за развој на планските региони кои се одобрени за финансирање, центарот за развој на планскиот регион може да користи средства во висина до 15% од проектната (пресметковната) вредност на одобрен проект за финансирање, но не повеќе од 1.200.000 денари во тековната година.

(5) Основни критериуми за висината на средствата за менаџирање на проектот од ставот (4) на овој член се:

а) видот и сложеност на проектот и

б) висината на проектната вредност на проектот.

(6) Поблиските критериуми за висината на средствата за менаџирање на проектот од ставот (4) на овој член, ги пропишува министерот за локална самоуправа.“

Член 18

По членот 34 се додава нов член 34-а , кој гласи:

„Член 34-а

(1) Центарот за развој на планскиот регион утврдените проекти за кои се бара финансирање во наредната година и годишната листа на проекти за развој на планскиот регион, ги доставува до Бирото за регионален развој најдоцна до 15 декември во тековната година.

(2) Планските региони кои нема да достават проекти за финансирање во рокот утврден во ставот (1) на овој член го губат правото за користење на средствата распределени за финансирање на проекти за развој на планскиот регион во наредната година.

(3) Планските региони кои ќе достават проекти за чија реализација износот на побараните средства е помал од вкупниот износ на средствата распределени за планскиот регион за наредната година, го губат правото на користење на средствата за кои не доставиле проект за финансирање.

(4) Планските региони за доставените проекти за кои ќе биде донесена одлука да не се финансираат заради неисполнување на пропишаните услови, го губат правото на користење на тие средства.

(5) Средствата што нема да бидат искористени по основ на ставовите (2), (3) и (4) на овој член, Владата на Република Македонија ги прераспределува за финансирање на проекти од другите плански региони, согласно со членот 30 став (1) од овој закон.

(6) Неискористените средства во постапката за доделување на договор за јавна набавка за реализација на проектите, ќе бидат искористени за реализација на проект кој поради недостаток на финансиски средства добил помала сума од побараната за целосна реализација.

(7) Доколку нема проект согласно со ставот (6) на овој член, средствата се прераспределуваат на следните проекти од годишната листа на проекти за развој на планскиот регион кои се позитивно оценети.“

Член 19

Во членот 38 став (1) се менува и гласи:

„(1) За оценување на поднесените проекти за развој на планските региони, проекти за развој на подрачја со специфични развојни потреби и проекти за развој на селата се формира Комисија за оцена на проекти.“

По ставот (6) се додава нов став (7), кој гласи:

„(7) Комисијата за оцена на проекти ги разгледува и оценува поднесените проекти од ставот (1) на овој член и ја утврдува висината на планираните средства за менаџирање на проектите за развој на планските региони.“

Член 20

Во членот 39 став (1) по зборот „региони“ сврзникот „и“ се заменува со запирка, а по зборот „потреби“ се додаваат зборовите: „и проектите за развој на селата“.

Член 21

Во членот 43 став (4) се менува и гласи:

„(4) Во договорот од ставот (1) на овој член се определува начинот и користењето на доделените средства и висината на средствата за менаџирање на проектите од членот 34 став (4) од овој закон.“

Член 22

Во членот 46 став (1) по зборовите: „рамномерен регионален развој“ се додаваат зборовите: „од членот 29 став (2) од овој закон,“.

По ставот (3) се додаваат три нови става (4), (5) и (6), кои гласат:

„(4) Министерствата надлежни за реализација на програми и проекти од значење за рамномерниот регионален развој до Министерството за локална самоуправа доставуваат податоци за реализација на програмите и проектите кои ќе се користат за потребите на планирањето на регионалниот развој и реализација на мерките и инструментите за поттикнување на рамномерен регионален развој.

(5) Податоците од ставот (4) на овој член се доставуваат на пропишан образец до крајот на првото тромесечје во тековната година за програми и проекти реализирани до крајот на претходната година и за реализирани активности од повеќегодишни програми и проекти.

(6) Начинот на прибирање, формата и содржината на образецот во кој ќе се доставуваат податоците и видот на податоците од ставот (4) на овој член ги пропишува министерот за локална самоуправа.“

Член 23

Во целиот текст на законот во различен член и број зборовите: „предлог-проект“ се заменува со зборот „проект“.

Член 24

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 25

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

**L I GJ**
**PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR ZHVILLIM TË BARABARTË RAJONAL**

Neni 1

Në Ligjin për zhvillim të barabartë rajonal ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 63/07, 187/13 dhe 43/14) në nenin 2 pika 1. ndryshohet si vijon:

"1. Zhvillim i barabartë rajonal është proces i identifikimit, nxitjes, menaxhimit dhe shfrytëzimit të potencialeve zhvillimore të rajoneve të planit dhe rajoneve me nevoja specifike të zhvillimit për zvogëlimin e dispariteteve në shkallën e zhvillimit në dhe ndërmjet rajoneve të planit;".

Neni 2

Në nenin 17 para fjalës "Këshilli" shtohet numri "(1)".

Në alinenë 2 fjalët "e përcakton" zëvendësohen me fjalët "jep mendim për".

Pas alinesë 2 shtohen dy alineja të reja 3 dhe 4, si vijojnë:

" - e përcakton Propozim-planin aksional për zbatimin e Strategjisë,

- jep mendim për programe të financuara nga Buxheti i Republikës së Maqedonisë të cilat janë me rëndësi për zhvillim të barabartë rajonal".

Në alinenë 8 fjala "raportet" zëvendësohet me fjalët "raporti vjetor".

Pas paragrafit (1) shtohen dy paragrafë të rinj (2) dhe (3), si vijojnë:

"(2) Mendimet për programet nga paragrafi (1) alineja 4 të këtij neni jepen më së voni deri në fund të tremujorit të vitit për të cilin programi është miratuar, për programe njëvjeçare, përkatësisht më së voni deri në fund të tremujorit të vitit të parë të vitit të parë për të cilin ka të bëjë programi, për programe shumëvjeçare.

(3) Mendimet nga paragrafi (2) të këtij neni Ministri i Vetëqeverisjes Lokale i dorëzon në shqyrtim në Qeverinë e Republikës së Maqedonisë, në afat prej 15 ditësh nga dita e mbajtjes së mbledhjes së Këshillit në të cilin është dhënë mendimi".

Neni 3

Në nenin 18 në paragrafin (3) alineja 1 ndryshohet si vijon:

"-përpilon Propozim Strategji për zhvillim rajonal të Republikës së Maqedonisë,".

Në alinenë 3 fjala "raporte" zëvendësohet me fjalët "raport vjetor".

Pas alinesë 3 shtohen nëntë aline të reja 4 ,5 ,6, 7, 8, 9, 10, 11 dhe 12, si vijojnë:

"-përpiloi Propozim-plan aksional për zbatimin e Strategjisë, kujdeset për implementimin e tij dhe ndërmerr aktivitete për përcjellje të realizimit të tij,

- përpilon bazë analitike të dokumentacionit për përpilimin e dokumenteve strategjike dhe operative të planit për zhvillim rajonal,

- përpilon propozim-vendim për kriteret dhe indikatorët për identifikimin e rajoneve me nevoja specifike të zhvillimit,

- përpilon propozim-listë të rajoneve me nevoja specifike të zhvillimit,

